# МАКЕДОНСКИ ГЛАС

ГОДИНА II. 1994
LIPANJ – KOLOVOZ
ЈУНИ – АВГУСТ
ЦЕНА 5 К

5
BROJ



# ЧЕСТИТ ИЛИНДЕН

ВИ ПОЖЕЛУВА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

*Браќа земјаци и мили комшии!*
*Ние, вашите вечни комшии, пријатели и познаници од убавото Крушово и од неговите китни села, без разлика на вера, народност, пол и убедување, не можејќи веќе да ја трпиме тиранијата на жедните за крв и гладните за човешко месо муртати, што гледаат и нас и вас да нѐ дотераат до нож, и нас и вас да нѐ дотераат до питачки стап у нашата мила и богата земја Македонија да заприлега на пуста пустиња, денеска дигнавме глава и решивме со пушка да се браниме од тие наши и ваши душмани и да добиеме слобода.*

*2*

*Вие мошне арно знаете оти ние не сме лоши и разбирате оти од мака си ја кладовме главата во торба, за да заживееме човешки или пак да умреме јуначки! Бидејќи од дедо-прededо си живееме како браќа на оваа земја, ние ве имаме како свои и сакаме до крај да останеме свои. Ние не дигнавме пушка против вас – тоа би било срам за нас; ние не дигнавме пушка проив мирниот, трудољубиот и чесниот турски народ, што се прехранува, како нас со крвав пот – тој е наш брат и со него сме живлееле и пак сакаме*

*3*

*да живееме; ние не излеговме да колуме и да грабиме, да налиме и да крадиме – доста ни се зулумуте на безбројните деребеи по нашата сурота и окрвавена Македонија; ние не излеговме да порусјануваме и да ги бесчестиме башите мајку и сестру, жену и ќерку: треба да знаете оти вашиот имот, вашиот живот, вашата вера и вашата чест ни се толку скапи, колку што ни се скапи нашите. Аниак, за да си го запазиме имотот, животот, верата и честа, ние сме зеле пушка. Ние не сме муртати на својата земја, што нѐ робила, ние не сме арамии у јанкесеции, а револуционери под клетва да*

*4*

*умреме за правото и за слободата; ние се бунтуваме против тиранијата и против ропството: ние се бориме и ќе се бориме против муртатите, против арамиите, против зулумќарите и јанкесециите, против насилниците на нашата чест и на нашата вера и против тие што ја смукаат нашата пот и го експлоатираат нашиот труд. Од нас и од нашите села да не се плашите – никому зијан не ќе сториме. Ние не само ве имаше како свои браќа, туку и ве жалиме како свои браќа, бидејќи разбираме оти и вие сте робје како нас, робје на царот и на царските бегови, ефендии и наши, робје на*

*5*

*Богатите и на силните, робје на насилниците и на зулумќарите, што ја запалија царштината од четирите страни и што не натера нас да дигнеме глава за право, за слобода и за човечки живот. За право, за слобода и за човечки живот ве каниме борба! Елате, браќа муслимани, при нас да тргнеме против вашите и нашите душмани! Елате под бајракот на »Автономиа Македонија«! Македонија е заедничка наша мајка и вика за помош. Елате да ги скршиме синџирите на ропството, да се куртулиме од маки*

*6*

*и страданија, и да пресушиме реките од крв и солзи! Елате при нас, браќа да су слејме душите и срцата и да се спасиме, та да ние и нашата челад и пречелад да живеат мирно, да си работат спокојно и да напредуваат! . . . Мили наши комшии! Како Турци, Арнаути и муслимани, разбираме, вие се со мислите, оти царството е ваше и оти вие не сте робје, штом на царскиот барјак нема крст, а има звезда и месечина. Оти не е така и оти грешите, вие бргу ќе се сетите и ќе го разберете. Ама ако ви намуз да дојдите при нас и да се објавите против царската*

*7*

*тиранија, ние, вашите но татковина и по страдања браќа, нема да се докачиме и не ќе ве мразиме. Ние саму ќе се бориме и за нас и за вас, ако е потребно, до еден ќе умриме под бајракот за нашата и ваша слобода и за нашето и ваше право. »Слобода или смрт« е писано на нашите чела и на нашиот крвав бајрак. Ние веќе го дигнавме тој бајрак и нема браќање. Ако и вие нѐ имате како ваши браќа и ни сакате доброто, ако есаните пак да живеете со нас, како што сте живееле од сега и ако сте верни и достојни синови на мајка Македонија, можете да ни поможете*

*8*

*само со едно нешто – а тоа е голема помош: да не се заортачите со душманите, да не дојдете со пушка против нас и да не правите зулуми по русјаснки села!*

*Нека Господ Бог да ја благослови светата борба за правото и слобода!*

*Нека се живи борците за слободата и сите чесни и добри македонски синови.*

*Ура! За »Автономна Македонија«!*

## ✻ СОДРЖИНА ✻


• Македончињата во Албанија ............ 6

• Бранко Црвенковски во Загреб ............ 8

• МПЦ кон провокациите на СПЦ ............ 9

• »Шарпланинец во Сплит ............ 12

• Д-р Горан Калоѓера: РАЦИН ВО ХРВАТСКА ............ 20

• Галичка свадба ............ 22

• Анте Поповски: ИСТОРИЈА БЕЗ ГЕОГРАФИЈА ............ 24



МАКЕДОНСКИ ГЛАС

GLASILO ZAJEDNICE MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ВЕСНИК НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

За издавачот:
д-р НИКОЛА ГРОЗДАНОВСКИ

Главен уредник:
ОГНЕН БОЈАЏИСКИ

Редакција:
Михаило НИЧОТА, Љиљана СТЕФАНОВСКА, Феодор КРЕЉА, Глигор САЗДОВСКИ, Славица ЕФРЕМОВА (секретар на редакцијата), Костадин АТАНАСОВ (фотографија)

Жиро сметка:
За »**Македонски глас**« 30102-678-82341 – Загреб

**Prema mišljenju Ministarstva kulture i prosvjete Republike Hrvatske broj 532-03-1/7-94-01 od 10. svibnja 1994. g. ova tiskovina oslobođena je plaćanja poreza na promet.**

Врз основа на одредбите од чл. 58 став 3 од Законот за јавно информирање во РХ (Народне Новине бр. 22/1992 весникот е пријавен и регистриран под број 421 во Министерството за култура и просвета – Сектор информирање – 14. 7. 1993 г.
Tisak: »A. G. Matoš« d.d., Samobor

Заедница на Македонците во Република Хрватска, Загреб, Прерадовиќева, 17
тел. 425-766


# ЗБОР... ДВА..:

*Огнен Бојаџиски*

*Ете веќе 90 години на Илинден се потсетуваме, што и како превземаа нашите стари за слободата, за правдата човекова, за јазикот, за црквата, за благостостојбата и утрешнината на Македонија. Тоа навраќање кон минатото секогаш има и еден посебен призвук: не само да се обноват спомените и сеќавањата туку да се освежат ликовите на тие дејци и стамени умови, на тие далекувидци што во тој балкански метеж и вијулици успевале и успеале да чекорат со воздигната глава и светлина во очите. Не само за себе туку и за другите, за комшиите и оние со кои вечно се дели сè што е овоземно и небеско.*

*Нè делат така и 50 години од денот кога во манастирот Прохор Пчински македонските патриоти и антифашисти ја зедоа судбината со народот во свои раце: Илинден е прогласен за национален празник, удрени се темелите на современата македонска држава и што е секако особено важно во целата македонска историја, јазикот наш, македонски, стана и официелен јазик во Македонија. Дојде и до неговата кодификација и творечкиот вруток почна уште повеќе да плоди на тој јазик на кој што Светите Браќа го описменуваа словенскиот род, Св. Климент и пееше псалми на Богородица, браќата Миладиновци иструлија во цариградските темници, Пулевски ги обиколуваше Софија, Белград и другите метрополи како Самовила Македонска, Лозарите го издигнаа лозунгот кој сме и што сме и Крсте Мисирков за прв пат не само што мислеше туку и пишуваше на тој јазик, спојувајки ги столетијата, земското и небеското. Сè што дојде потоа и Рацин и Коле Неделковски и другите беше законитост на нужноста.*

*Нашиот учител Блаже Конески согледувајки ја нашата творечка моќ, нашиот јазичен и културен израз и исказ, се обиде да ни го укаже и патот кон иднината: »Јазикот, тое е пред се човекот, се разбира и народот и културата и сè што твори и мисли, јазикот тоа е нашата татковина, зборуваше тој и еве времето тоа го потврдува и предупредува: идентитетот човечки, неговиот ентитет, етнитет, неговото вјерују, солзата и љубовта, кавгата и бакнежот, прегратката и насмевката утрото и ѕвездената ноќ, сонот и виножитото, тое е јазикот. Неговата музика, неговиот ритам, неговата сочност и мирис, неговите зурли и тапани, неговата мудрост и моќ, неговиот звон и кавалот. Јазикот тоа е секојдневната река извор, бунар и вруток, гумно и студенец, шума и поток, корабија и езеро. Во него живее секој Македонец, од него и со него расте, зрее и жнее. Тој е нашето траење вчера, денес и утре.*

*Живеејки со мајчиниот, македонски јазик, живееме и со другите што му се блиски или далечни. Тој не поврзува и нè одредува. Кон себе и кон другите.*



## НА ГРЧКО-МАКЕДОНСКАТА ГРАНИЦА ПРЕТЕПАН АРХИМАНДРИТОТ НИКОДИМОС ЦАРКЊАС

На 4 мај попладнето грчката полиција го уапси архимандитот Никодимос Царкњас на преминот Евзони на грчко-македонската граница. При апсењето отец Царкњас беше брутално претепан од грчките официјални банди што денес ја чуваат границата на распарчена Македонија.

Архимандритот Царкњас е лидер на Движењето за човечки права на Македонците во Егејска Македонија денес под окупација на фашистичка Грција. Архимандритот Царкњас е најсветлата ѕвезда што денес свети над македонското небо и духовно го обединува македонскиот народ.

По апсењето и нанесените тешки физички повреди, отец Царкњас беше задржан и лекуван во болницата во Лерин. Ништо покусо не останаа грчките гранични животни во малтретирањето на двете сестри на архимандритот Царкњас Марија и Стојанка кој допатуваа кај Евзони да го пресретат својот брат на враќање од Велигденската богослужба во Соборниот храм на Македонската православна црква Свети Климент Охридски во Скопје.

За случајот известени Амнести интернашионал, Хелсинки вач и сите постоечки меѓународни организации кои се грижат за човековите и малцинските права.





**Риека – мај – Македонското културно друштво »Илинден« од Риека по повод Денот на Св. Браќа Кирил и Методиј во просториите на друштвото организираше Свечаност и предавање. За животот и делото на Св. Браќа и нивната традиција кај Македонците зборуваше истакнатиот член на ова друштво и нивни сограѓанин г. д-р Стилијан Георгиев.**

* * *

**»Блаже Конески првиот човек на македонската ренесанса« беше тема на мошне издржаното – IN MEMORIAM – предавање што во организација на ова Друштво во Домот на синдикатите, »Фрањо Белуловиќ« во Риека го одржа г. д-р Калогјера вонреден професор на Универзитот во Риека и автор на запазената книга »Хрватско-македонске књижевне везе«. Зборувајки за животот и делото на академикот Б. Конески, д-р Калогјера покрај другото истакна дека е тој со децении водечки македонски лингвист, автор на бројни научни расправи за јазикот, историјата на литературата кај Македонците, и воопшто литературата, сензибилен поет, есеист и преведувач. Особено се важни и неодминливи неговите лигвистички трудови меѓу кои »Историјата на македонскиот јазик »Македонскиот правопис«, Граматиката на македонскиот јазик а познато е дека е тој еден од иницијаторите и редоктор на првиот голем (тротомен) Речник на македонскиот јазик.**

**Во културната историја на својот народ, тој претставува камен темелник и незаобиколлива личност на македонското постоење и траење.**

**Загреб – јуни / Во рамките на трибината »Македонска ризница« што традиционално ја организира Заедницата на Македонците во Хрватска, на 16. 6. 1994. г. во Европскиот дом, беше одржана книжевна средба посветена на трагичната погибија на големиот македонски поет и патриот Коста Солев РАЦИН.**

**Потсетувајки дека годинава се навршуваат и 55 г. од печатењето на »Бели Мугри« во Самобор, мр Борислав Павловски проф. на Филозофскиот факултет во Загреб, автор на бројни трудови од областа на македонистиката, опширно зборуваше за »Творештвото и ликот на Кочо Рацин«. Меѓу другото тој ја истакна Рацинова грижа за јазикот, неговото продолжување на концепциите и ставовите на К. П. Мисирков како и афирмација на мелодиката ритамот и лиризмот на македонското народно творештво во неговите песни.**

**Мр Павловски мошне топло и сам се осврна врз сензибилитетот на рациновите песни, истакнувајки ја неговата поетска генијалност и врвни дострели во уметничкото творештво, по чии патишта денес чекори и современата македонска поезија и литература.**

**Познатиот хрватски артист Круно Шариќ рецитираше песни од творештвото на Кочо Рацин.**





Д-Р ФРАЊО ТУЃМАН



КИРО ГЛИГОРОВ

POTPISAN SPORAZUM O SURADNJI
IZMEĐU HAZU I MAKEDONSKE
AKADEMIJE ZNANOSTI I UMJETNOSTI

## Dogovor čvrsta temelja

**ZAGREB – Predsjednik Hrvatske akademije znanosti i umjetnosti akademik Ivan Supek i predsjednik Makedonske akademije znanosti i umjetnosti akademik Ksente Bogoev potpisali su jučer u Palači HAZU sporazum o suradnji između tih dviju visokih znanstvenih ustanova.**

**To nije početak naše suradnje – istaknuli su predsjednici – nego samo njezino produbljivanje u novim uvjetima kad obje ustanove djeluju u samostalnim državama. Sporazum će ujesen biti razrađen detaljnim programom sudjelovanja u zajedničkim istraživačkim projektima, te u razmjeni znanstvenih publikacija i stručnjaka. Dvije će akademije, rečeno je, posebno nastojati da se svim znanstvenim snagama pridonese normalizaciji odnosa na ovim prostorima, pobjedi ljudskih prava i prava naroda u borbi protiv tiranije rata, te prestanku stradanja ljudi i rušenju kulturnoga i sakralnoga naslijeđa.**

**Izaslanstvo Makedonske akademije jučer je primio i Nikica Valentić, predsjednik hrvatske Vlade, a za danas su predviđeni posjeti Branku Jerenu, hrvatskom ministru znanosti, i akademiku Daliboru Brozoviću, glavnom ravnatelju Leksikografskog zavoda »M. Krleža«. (M. J.)**

Večernji list
ZAGREB

29. 6. 1994.

**G. Kiro Gligorov, predsjednik Republike Makedonije u podužem intervjuu što ga je dao za ovaj list novinaru Z. Hodonju o makedonsko hrvatskim odnosima ističe:**

**• Kako ocjenjujete makedonsko-hrvatske odnose i hoćete li posjetiti Hrvatsku?**

– S Hrvatskom, povijesno gledano, imamo duge i prijateljske odnose. U mnogočemu smo imali sličnu sudbinu. Svi su razlozi za tijesnu i dobru suradnju. Ovi događaji su smetnja ne samo za razvoj širih odnosa s Hrvatskom. Mučimo se kako da te odnose proširimo sa Slovenijom, kako da dođemo do mađarske, kako da dođemo do Europe. Sada idemo samo okolnim putovima. Mislim da je ova pomorska linija preko Drača već dala rezultate, ali može biti još frekventnija.

Mi nemamo političkih sporova, ekonomski su naše dvije privrede kompatibilne, u mnogočemu se dopunjuju, i to je realna osnova za suradnju. Naši sunarodnjaci, za koje želimo da budu dobri građani Hrvatske, organizirani da sačuvaju svoja obilježja i suradnju sa svojom republikom, sada su dobili i svoj crkveni hram u Hrvatskoj. To su okolnosti koje govore da nema zapreke našoj suradnji. Treba što prije da obje zemlje pošalju svoje ambasadore, jer nije normalno što to još nismo učinili. Posljednji susret s predsjednikom Tuđmanom imao sam u New Yorku prošle godine na zasjedanju Glavne skupštine UN-a. Tada smo imali koristan i dobar razgovor, i razumije se da bi do toga trebalo ponovno doći. Kada i gdje – to je već stvar posebnog dogovaranja.

**Razgovarao Željko Hodonj**

## ЗА МАКЕДОНЧИЊАТА ВО АЛБАНИЈА



Сплит – мај – Повикот за хуманитарна помош на »Македончињата во Албанија« наиде на добар одглас кај мнозина не само во Македонија туку и на секаде каде што делуваат македонски асоцијации по светот. Така и Заедницата на Македонците во Република Хрватска преку своите друштва во Сплит и Риека се вклучи во оваа семакедонска акција.

Меѓу најактвните се покажаа членовите на Друштвото на македонците и пријателите на Македонија од Сплит, а особено г. Владо Апостолски.

Членовите на ова Друштво скоро еден месец во тесна соработка со сплитската хуманитарна организација »ХЕЛП« и г-жа Весна Пилиќ, собраа над 12 тони облека, храна и лекови, како и школски помагала во вредност од 18 000 ДЕМ.

Така на 29 мај годинава со брод-траект помошта од Сплит се упати кон албанското пристаниште Драч во придружба на г. В. Апостолски и членовите на Друштвото од Сплит.

Како што нѐ информира г. Апостолски дочекот во Драч бил одушевувачки. Покрај членовите на трите македонски асоцијации од Албанија на дочекот присуствувале амбасадорите на Македонија, Хрватска и Бугарија во Тирана, како и претставници на албанските хуманитарни организации.

Амбасадарот на Република Македонија во Тирана г. Никола Тодорчевски по тој повод приредил прием во македонската мбасада и најтопло им се заблагодарил на Друштвото во Сплит како и на Заедницата на Македонците во Хрватска. Потоа помошта заминала меѓу Македончињата во Албанија.



Загреб – мај / Заедницата на Македонците во Република Хрватска и Македонската православна црковна општина Св. Злата Мегленска по повод Денот на Св. Браќа Кирил и Методиј одржаа во црквата Св. Рок свечена Богослужба што ја служеше Методија Ѓорѓески.

Во својата беседа отец Ѓорѓески ја истакна заслугата на овие двајца солуњани што денес не само нашиот народ туку и целиот словенски свет ги има Светите книги на свој јазик. При тоа тој ја истакна улогата на нивните ученици Св. Климент и Св. Наум во обнувувањето на христијанството во Македонија и создавањето снажен културно-книжевен и духовен центер во Охрид и Охридската Архиепископија.

* * *



Годинава македонскиот народ одбележува повеќе јубилеји меѓу кои 120 г. од рагањето на големиот маж и ум Крсте П. Мисирков и 55 г. од печатењето на македонски јазик на »БЕЛИ МУГРИ« од Коста Рацин во Самобор крај Загреб. По тој повод, како и 50 годишнината од првата кодификација на современиот македонски јазик и неговото прогласување за официелен јазик во Република Македонија на 2. 8. 1944 г. на заседанието на АСНОМ, за развојот на современиот македонски јазик« во Трибине града Загреба предавање одржа г. д-р Атанас Вангелов – декан на Филолошкиот факултет на Универзитетот Кирил и Методиј од Скопје.

Во своето инспиративно предавање г. д-р Вангелов како три камена, три меѓи во развојот на словенската и македонската писменост, литература и култура кај Македонците ги назначи Св. Климент, Крсте П. Мисирков и Блаже Конески. Задржувајки се особено на делото на Блаже Конески, неговот придонес во развојот на современата макеонска лингвистика, тој посебно ги издвои неговата научна длабина и селективност, теориjско-лингвистичката елаборациjа и аргументациjа во посебниот и мошне специфичен развој на македонскиот јазик како и придонес во создавањето македонска јазична пракса.

* * *

*Македонија – Бугарија:*

## *ГЛИГОРОВ ВО СОФИЈА*

***Посетата на г. Киро Глигоров на Бугарија (25 и 26 април о. г.) заврши без потпишување на предвидените договори поради т.н.т. »јазичен проблем«. Како што е познато веќе неколку месеци се одложува потпишувањето на редица договори и протоколи заради тоа што Македонија инсистира тие да бидат потпишани на македонски и бугарски јазик додека бугарската страна останува и остана на ставот дека потпушувањето треба да биде на »официелните јазици«.***

***На конференцијата за печатот претседателот на Бугарија г. д-р Желев изјави дека проблемот со јазикот добил политички димензии но најави дека договорите сепак ќе бидат потпишани. Г. Глигоров од своја страна истакна дека Македонија не може да потпише договор со услов кој ќе го доведе во прашање јазикот на македонскиот народ.***

***Првата посета на еден македонски претседател на Бугарија, бугарските медиуми ја следее со големо внимание и интерес, а во прв план беа нагласките дека двајцата претседатели и покрај решеноста да стават крај на политичкиот судир го извлекоа јазичниот проблем. Секако заслужува внимание да се истакне и фактот дека г. Глигоров беше официелно дочекан со воени и државнички почести, беа интонирани бугарската и македонската химна, а г. Глигоров одржа и мошне запазен скоро едночасовен говор на македонски јазик во бугарскиот парламент.***

***Во мошне деликатните и словевити меѓубалкански односи, маслиновата гранка што во Софија ја понуди г. Глигоров залагајќи се »за еден нов Балкан ослободен од историските баласти« за Бугарија може да биде не само нов предизвик туку соочување со реалноста и градење нови мостови.***

***Неделникот »Пулс« меѓу другите информации и коментари за овае посета го донесува и искажувањето на едниствениот жив член на познатиот Македонски литературен кружок во Софија од дваесетите години АНГЕЛ СМАТРАКЛИЕВ – ЖАРОВ:***

***»Тоа беше нашиот идеал – вели овој достоинствен ум со своите 85 г. еден од ретките живи членови на ВМРО (Обединетата), поет и публицисти и тој се оствари. Јас него го доживеав да видам како македонскиот претседател г. Глигоров со сите воени почести е пречекан во Бугарија, се свиреше и македонска химна, му беше салутирано и му беше предаден рапорт. Но овде во Бугарија има уште национализам и шовинизам. На нивните представници ова не им се допаѓа. Тие сакаат овие врски со Македонија да ги растурат. Премногу, уште премногу има историски товар. Но тој ќе се растовари. Треба само трпеливост и мудрост. Овој наш Балкан е покомплициран од цела Европа«.***

---

## МИЛИОН МАКЕДОНЦИ ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА

За време на официјалната посета на грчкиот премиер Андреас Папандреу на САД, на посебна конференција за печат беше објовен извештајот на Американската организација за правата на човекот »Хелсинки воч«, зад кој, во голема мера стои Стејт депармeнтот. Во него, меѓу другото, на владата и се препорачува да го признае постоењето на македонското национално малцинство во Грција, слободното изјаснување на Македонците, дозвола на политичките бегалци да ги посетуваат своите домови, роднини, слободно изучување на македонскиот јазик, културнуите и верските традиции, истрага колку тие се дискриминирани.

Во извештајот, како што пренесуваат некои атински гласила, на 84 страници детално се опишува постоењето и активноста на погазеното македонско национално малцинство во Егејска Македонија, кое според активистите за права на човекот достигнува до еден милион. Тврдењата на извештајот, кој се поднесува и до американското Министерство за надворешни работи, според грчкиот печат се »монструозни«, зошто според него половина од населението во Егејска Македонија се Македонци. Веднаш потоа, се наведува »верзијата на Глигоров«, не е важно што вели извештајот, според која во северна Грција македонското малцинство брои 230 до 250 илјади, наспроти официјалните тврдења дека во грција постои само муслиманско малцинство. Индикативно за Атина е и тоа што организацијата не ги прифаќа грчките аргументи и на крајот од извештајот дури и дава препораки на Владата што да прави. Притоа, пред сè, од владата на Грција, се бара да го признае постоењето на македонското национално малцинство, да овозможи слободен говор, враќање на бегалците, да ја отстрани забраната за настава на македонски јазик . . .

За »Елефтерос типос« вредно е да се напомене дека ова е прв извештај на »Хелсинки воч«, чие составување е извршено со знаење на владата и на Министерството за надворешни работи, кои се обвинуваат дека ништо не направиле да се спречи неговото објавување, или пак да се ублажи содржината. За весникот сите сведочења за репресиите врз Македонците се монтирани. Најтрагично во целиот извештај, кој се предупредува дека ќе има негативни последици на преговарачките иницијативи, е тоа што »Хелсинки вач«, како ценета организација во светот, не останува само на прикажување на »непостојното малцинство«, туку целосно го усвојува мислењето на претседателот Глигоров, за репресијата врз Македонците. Весникот уште повеќе се чуди и сомнева, иако ова не е прв извештај, што испитувачите од »Хелсинки вач« луѓето од Егејска Македонија, кои ги зборуваат двата јазика, не ги опишуваат како »славофони«, онака како што тоа го прави официјална Атина, туку ги нарекуваат со вистинското име Македонци.

За непријатната содржина од извештајот не се обвинуваат само луѓе од »Хелсинки вач«, туку и »марионетите на Скопје« кои ги снабдиле нив со такви податоци. Меѓу нив не се набројуваат само познатите Сидеропулос, Анастасијадис и другите, туку и уште попознатиот напреден антиљанни, Панајтоис Димитрис, за кого не се наведува дека работи токму за »Хелсинки вач« во Грција.

**Т. Мирчевски**

# ДОБРАТА ПОЛИТИКА ЈА ШТИТИ МАКЕДОНИЈА



Nikica Valentić



Branko Crvenkovski

Токму македонско-хрватските односи се најдобар пример за тоа како можат да се регулираат односите помеѓу државите што настанале од поранешна Југославија, со уредувањето на тие односи в сушност се поставуваат принципи кои би требало да ги прифатат и останатите држави

Бранко Црвенковски, претседателот на Владата на Република Македонија, за време на дводневната посета на Загреб, на 6 јули о. г., во салата »Бријуни« на Загрепскиот велесаем се сретна со група Македонци и пријатели на Македонија од Загреб, а потоа и со група хрватски стопанственици пред кои одржа интересно предавање за меѓународната положба, внатрешните состојби и тешкотиите со кои е соочена Република Македонија. Првата средба ја организираа Хрватско-македонското друштво од Загреб и Заедницата Македонците во Република Хрватска. Претседателите на тие две оргнизации, академикот проф. д-р Стјепан Антољак и д-р Никола Гроздановски во почетокот го поздравија гостинот од Скопје, а потоа премиерот Црвенковски одговори на неколку прашања на присутните Македонци. Ги пренесуваме неговите одговори, сосема накратко, според темите на кои се однесуваа прашањата.

**За македонско-хрватските односи.** По сето она што досега успеавме да го сториме низ многуте контакти меѓу министертвата и владите, во релативно кратко време, мислам дека дефинитивно можеме да кажеме: токму македонско-хрватските односи се најдобар пример за тоа како можат да се уредат односите помеѓу државите што настанале од поранешна Југославија. Јас се надевам дека ќе бидат уште подобри во идниот период. Сигурен сум дека ние, со некои решенија до кои дојдовме и со спогодбите што ги потпишавме, всушност поставуваме принципи кои ќе треба да ги прифатат и останатите држави. На крајот на краиштата, постојат историски и традиционални претпоставки за добра соработка помеѓу Македонија и Хрватска.«

**За пописот на населението во Македонија.** »Пописот е една од најважните работи што ни се случуваат во овој период, особено ако се гледа од аспект на државен интерес. Во целиот поранешен социјалистички свет, секаде каде се подигнаа националните тензии, цели политички платформи и концепции се градат врз цифри и бројки. И ние се најдовме во ситуација во која сите во Македонија и околу неа излегуваа со некакви цифри и бројки за бројноста на поедините народи и народности, кои немаат никакви врски со реалноста. Собирајќи ги сите тие бројки, ќе излезе дека Македонија е најголема држава на Балканот, дека нема нешто повеќе од 2 милиона жители, колку в сушност ги има, туку неколку милиони повеќе. А врз основа на тие бројки потоа се градат политички платформи кои вклучуваат и некои аспирации кон територијата на Македонија. Затоа ние установивме дека нема поарен начин да се прекинат сите тие дилеми од тоа да се организира попис кој ќе ги уважи сите европски норми и стандарди и кој ќе биде извршен под меѓународна контрола на експертите од Европска унија. А ние, како Влада, не се плашиме од вистинските бројки. Веруваме дека таков попис ќе ги затвори сите прашања што ги отвараше едната или другата страна. Едноставно, пописот треба да даде одговори кои потоа никој не ќе може да ги порекнува. Најважен ќе биде одговорот на прашањето: дали постои македонски народ, колкав е бројот на припадниците на





тој народ, како и бројот на различни националности? Ми се чини дека значењето на тој попис не сме го сфатиле само ние, го сфатија и други. Затоа и дел од она што сега се збиднува околу Македонија е резултат можеби и на нервоза кај некои наши соседи. Имено, тие се свесни дека за секогаш ќе биде закопана тезата дека Македонците всушност не постојат, тезата дека се тие продукт на тврдиот недемократски режим кој во минатото луѓето ги тераше да се изјаснуваат како Македонци.

**За опасностите над Македонија.** Оваа влада функционира 22 месеца и ние едноставно се истренираме постојано да демантираме црни предвидувања за Македонија. Се разбира, опасности постојат, но тие не и претат само на Македонија туку на сите во балканското подрачје. Меѓутоа, верувам дека имаме достатна внатрешна политичка стабилност и волја, а имаме и искуство од она што го видовме кај другите, да можевме да извлечеме поуки за тоа како некои работи треба или не треба да се прават. Ние овие две години се уверивме дека ништо не може да ја заштити државата поуспешно отколку добрата политика. Некој може да има најсилна војска, но тоа не е доволно да се заштити ни територијалниот интегритет ни суверенитот на државната. Ние сме осудени да се потпреме исклучително на политички средства и ние тоа во минатиот период добро го сторивме и реализиравме. Впрочем, резултатот се гледа: Македонија е единствената република на поранешна Југославија која досега успеа да излезе од кризата без војна. Да заклучам: јас верувам дека курсот што го имаме сега и во политичкиот и во економскиот живот, како и кон соседите, сѐпак и гарантира стабилност на Македонија.

**За инцидентите на македонско-српската граница.** Имавме неколку упади на српска војска на македонска територија. И сега тоа треба добро да се анализира: дали тоа е подготовка за нешто друго, поопасно, што треба да следи? Но, имајќи ја предвид целокупната политичка проценка за сите збиднувања на Балканот, односите во меѓународната заедница, преговорите за БиХ и сега предлогот на контакт-групата. Кога сето тоа ќе се земе заедно, тешко е да се претпостави дека Србија може да си дозволи таков »луксуз« да се впушти во нова агресија. Всушност, намерата е тензијата постојано да се држи на висок ниво и така да се негува чувство на несигурност во Македонија. Гледано заедно со грчкото ембарго, кое треба да нѐ скрши на економски план, целта е да се создаде политичка и безбедносна несигурност. Но, во целиот овој период навистина стана евидентна координираната политика помеѓу Белград и Атина. Токму кога ембаргото на јужниот сосед најтешко се погаѓа се подига нервозата и на северниот сосед. Но, тука завршуваат намерите: да се создаде чувство на несигурност и нестабилност во Македонија.

Подготвил: Михаило Ничота

**Средба на Српскиот и Бугарскиот Патријарх:**

## М П Ц НА ТАПЕТ

**Софија – (Мак-факс). Српскиот Патријарх Павле завчера во Софија имаше неофицијална средба со бугарскиот Патријарх Максим. Најголемиот дел од средбата бил посветен на прашањата за Македонската православна црква.**

**Претставникот на Бугарската Патријаршија не сакаше да соопшти детали за разговорите. Во изјавата за печатот и новинарите тој се огради со констатацијата дека прашањето на Македонската црква е многу сложено.**

**Српскиот Патријарх Павле кратко пресетојуваше во Софија од каде отпатува за Канада.**

**Вечер – Скопје 15. 6. 1994 г.**

---

**вечер**

Скопје 15. 6. 1994 г.

## НЕГАТОРСКИ ПОСТАПКИ

**Реагирање на Комисијата за односи со верските заедници на Република Македонија по повод последната провокација на СПЦ:**

✻

**– Не е човечки, ниту државнички да се држи лекција на власта на друга држава за тоа како треба таа да се однесува. Српската православна црква во Македонија не е регистрирана како верска заедница и според законот за правната положба на верските заедици, а и според канооните воспоставувањето некакви во нашата земја е чин со бескрупулозни идеји и намери, – истакнува г. Славе Николовски-Катин заменик претседател на Комисијата. Зошто свештените лица треба да го држат кандилото со темјан, да бидат зад олтарот, а не да бидат извиднички »мигови«. А намерите на претставниците на С П Ц, кои минатиот петок се обидоа да влезат во Македонија, се негаторски и тоа не само кон М П Ц, која е мајка на СПЦ, туку и кон македонскиот народ и држава.**

**Тоа е и конкретен македонски одговор на вистинската кампања и хајка што деновиве се води во југословенските средства за информирање, откако на врањскиот епископ на СПЦ- Пахомина, македонските гранични власти не му дозволија влегување на наша територија. Покрај реакциите на SPC завчера уследи и реагирање на владината Комисија за односи со верските заедници на СР Југославија, која од македонските власти побара и официелно објаснување.**



г. Славе Николовски-Катин

**Ако некој епископ- наведува г. Николовски, без дозвола и одобрување оди во туѓа епархија, што и припаѓа на туѓа црква, кој заради политички цели ќе ја соблече дури и мантијата, а по влегува вањето на туѓа територија пак ќе ја облече и ќе води политика, сметам дека тоа е кршење на законските регулативи, а не кршење на човечките права и оттаму право е на секоја држава да ги спроведе сопствените законски норми. Не можеме, истакнува тој, а да не поставиме и прашање дали властите на СРЈ ќе дозволат тамошно регистрирање на МПЦ, за оние, во моментот во одредена смисла, обесправени Македонци, кои таму ги има околу 150 000. За сето ова мора да постои меѓусебно разбирање, добри намери и реципроцитет. Во спротивно, ваквите постапки не само што немаат ништо заедничко со каноните на црквата, туку ги разгоруваат страстите, на националистите, шовинисти те и луѓето кои ја преселиле политиката зад олтарот.**

# ТРИ ГОДИНИ ЗА ГОРДОСТ

**Друштвото на Македонците и на пријателите на Македонија има добри причини да слави: собранието ја оцени работата во тригодишниот период, од основањето до денес, како мошне успешна**

На латински се вели: **пост фестум – фестум.** На македонски би кажале: и по празникот – празник. Или: и по славењето – славење. Македонците од Сплит докажаа дека таа изрека им е животен принцип. Имено, неделата 3 јули о. г. беше нивни голем празник. Поточно: два празника ги претворија во едно големо славење. А таа неделна вечер новиот луксузен хотел »Сплит« беше претворен во вистински македонски дом. Таму се одржа годишното собрание на **Друштвото на Македонците и пријателите на Македонија од Сплит,** или пократко: **Друштво »Македонија Сплит«.**

Веднаш по собранието, како негово продолжение, се одржа мошне весела »Македонска вечер« која траеше сѐ до длабоките ноќни часови. Се јадеа македонски јадења, што ги подготвија вредните македонски домаќинки (графче-тафче, мусака, пинџур), но и далматински специјалитети (печени риби, лигњи и шкампи). Се пиеше добро далматинско вино. Таа ноќ Македонците, нивните сплитски пријатели и особено почесните гости, членовите на флоклорната секција на Културноуметничкото друштво »Филип Девиќ«, со нивниот водач Јуре Шкаре, беа во голема форма.



Без прекин и неуморно, се свиреа и преејa македонски и далматински песни, се танцуваа македонски и далматински ора. Беше створена некаква си македонско-далматинска симбиоза, една навистина »братска атмосфера«. Како што кажа некој од присутните, никој како Македонците и Далматинците не знае поубаво да се весели и да слави, а кога ќе се спојат заедно – тоа е урнебес! Но, тоа беше навистина добра пригода за славење, празникот не беше без темели. Македонците и нивните пријатели од Сплит имаа добри причини да слават и да се гордеат со своите тригодишни успеси.

Овогодишното собрание беше на некој начин јубиларно, иако Друштвото »Македонија Сплит« постои само три години. Имено, мандатот на Извршниот одбор трае три години и Извештајот на раководството овој пат се однесуваше на еден заокружен и целосен период, почетниот и најтешкиот. Тој Извештај, пред присутните делегати и госи, го поднесе дотогашниот претседател инж. Владимир-Владо Апостолски кој, на крајот, едногласно и со акламација беше повторно избран на таа функција и за следниот тригодишен период. И тоа е доказ дека работата на Друштвото беше оцената како успешна.



Важноста на тоа собрание ја зголеми и поздравната телеграма што ја упати претседателот на Република Македонија Киро Глигоров. Во неа, меѓу другото, се вели: »И во оваа пригода сакам најискрено да ви се заблагодарам за сѐ што сторивте како друштво за афирмација и зачувување на македонскиот национален идентитет и култура, за подршка на независна Република Македонија и за јакнење на пријателството меѓу македонскиот и хрватскиот народ«. Токму тоа се најголемите успеси на Друштвото, постигнати во мошне тежок период на војна и на агресија против Хрватска.

Друштвото, в сушност, е основано на 28 јуни 1991 г. и »празникот« или денот на Македонците отогаш се слави секоја година првата недела по тој датум. Неговото основање беше топло прифатено и поздравено од сите фактори, од сограѓаните и поединци, од разни организации и од официјалните власти во Сплит, но и во целата Република Хрватска. Најголемиот дел од овие минати три години Друштвото се трудеше да создаде здрава и реална рамнотежа не само меѓу хетерогеното членство, според составот и предрасудите, туку у меѓу пријателите на Македонија.

Само така, со заеднички сили, можеа да се решат големите проблеми што се исправија пред младото Друштво. Пред сѐ Македонците како лојални граѓани на Република Хрватска, која се најде пред груба агресија, веднаш се вклучија во акциите за помош на младата демократска држава. Првата наивна акција беше собирање на хуманитарна помош во стоки и пари за пострадаоните во војната, која имаше мошне добар одјек во јавноста. Во исто време, иљади Македонци, млади војници и високи офицери, припадници на ЈНА, се најдоа во агресорската машинерија, понижувани и загрозени.

Главна задача на Друштвото во тој момент беше да се помогне на тие луѓе да ги напуштат редовите на агресорот и да се приклучат кон борбата ба братскиот хрватски народ. Најголем успех можеби е успешниот крај на случајот на адмиралот Драго Боцинов, Македонец, кој по цена на својот живот не дозволи воениот судир да се прошири низ Сплит, што би можело да биде фатално за тој град. Откако тој беше уапсен и мачен во затворот на ЈНА, по иницијатива на Друштвото само за три дена беа собрани 20.000 потписи на граѓаните на Сплит за неговото ослободување.

Адмирал Боцинов беше ослободен и денес е началник на Г. Ш. на Македонската армија, што претставува голема чест и гордост за членовите на Друштвото »Македонија«. Беше организирано и потпишување на петиција за признавање на Република Македонија: за четири дена беа собрани 30.000 потписи од граѓаните на Сплит и околните места! Меѓутоа, како најголем успех во овие три години раководството ја смета акцијата за хуманитарна помош на Македонците во Албанија. На повикот на Друштвото се јавија преку 300 граѓани од Сплит со свои подароци.

Така со помошта на хуманитарне здруженија »Каритас«, »Хелп« и Црвениот крст се собраа вкупно 12,5 тони разни стоки, главно облека. Таа акција беше своевидна демонстрација на пријателство: сите услуги беа бесплатни, а работната организација »Бродоспас« од Сплит со свој брод ја пренесе целата пратка до Драч. На крајот, во рамките на Друштвото почнаа интензивни подготовки за основање на Македонска црковна општина во Сплит. Акцијата ја води мошне агилната Ивона Неделковска-Мусиќ, досегашната потпретседателка на Друштвото.

На крајот, во разговорот со Владо Апостолски се договоривме да ги спомнене имињата на најзаслужните членови на досегашниот Извршен одбор, без чиј придонес сигурно не ќе беа постигнати толку добри резултати. Тоа се: освен веќе спомнатата Ивона, досегашниот секретар Богоја Ликоски, чиите заслуги се неизмерни зашто тој беше »татко и мајка« на Друштвото, потоа Димче Перушевски, Пано Ристов, Славица Шкатула, Венка Жанко, како и најстаријот Македонец во Сплит, 83-годишниот Вангел Лашкоски, »душата на Друштвото«. Членовите и претседателот срдечно им заблагодарија.

Михаило Ничота






Гасификација во Македонија:

## ПРОЕКТ СО ДАЛЕКУСЕЖНО ЗНАЧЕЊЕ

**По долгогодишни подготовки на 16 април 1991 г. потпишан е значаен македонско-меѓународен проект за изградба на гасовод во Македонија во должина од 120 км. Неговата изградба започна на 20 јануари 1993 г. и според договорот помеѓу македонските фирми, руските и други ино кооператни (Уралтрансгас, Ростројгасификација, Макпетрол и други) гасоводот треба да биде даден во употреба 1995.**

**Магистралниот гасовод што од Русија преку Романија и Бугарија патува до Скопје, низ Македонија има должина од 120 км. од кои до сега се подготвени околу 60 км и остануваат за изградба уште 70 км. Од бугарска страна гасоводот води до македонската кај Караџина Чешма, а потоа преку Крива Паланка, Кратово, Куманово до Скопје, со тоа што во овие градови ќе бидат изградени и инсталирани и градски гасоводни мрежи.**

**Бидејки се работи за проект кој ќе биде актуелен во наредните 100 години, според искажувањата на македонските фирми и стручњаци неопходна е концентрација на сите финансијски и други потенцијали и токму затоа создаден е домашен конзорциј кој ќе треба да се грижи за овој проект со името »ГАМА«. Се цени дека со овој проект Македонија во иднина мошне значајно ке ги реши сопствените проблеми со енергенти на насовремен и еколошки најефикасен начин.**

**ВЕ ПОКАНУВАМЕ!**

**УПРАВНИТЕ ТЕЛА НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА РЕШИЈА ДА СЕ ПРИСТАПИ КОН ФОРМИРАЊЕ:**

**– ФОЛКЛОРНА СЕКЦИЈА**

**– МЕШОВИТ ХОР**

**СИТЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ, ОСОБЕНО ВО ЗАГРЕБ ГИ МОЛИМЕ ДА СЕ ЈАВУВААТ КАЈ СЕКРЕТАРОТ АНГЕЛ УПЕВЧЕ, С. С. КРАНЧЕВИЌА 2, ВЕЛИКА ГОРИЦА, ТЕЛ: 714-510**



**SLOBODNA DALMACIJA**

**SKOPLJE - BEOGRAD**

# MPC odbacuje optužbe SPC-a

SKOPLJE (Phona Press) — Arhijereji makedonske pravoslavne crkve zasjedali su dva dana u Skoplju, u povodu najave Srpske pravoslavne crkve da će anatemizirati makedonsku, jer je mimo crkvenih kanona, proglasila autokefalnost i krenula na put približavanja Vatikanu. U priopćenju za javnost, koje je u povodu toga izdao Sveti sinod makedonske pravoslavne crkve, energično se odbacuju optužbe i poručuje da su »interesi makedonskog naroda i vjernika sveti« te da MPC neće pokleknuti pod pritiscima koji nemaju realnu osnovu.

Stoga, je apsolutno čudna odluka SPC-a da se danas, nakon toliko godina, imenuju srpski svećenici za administratore u Makedoniji.

Još je čudnije, poručuju arhijereji MPC-a da »bratska pravoslavna crkva negira volju makedonskoga naroda i vjernika nakon 36 godina samostalnog djelovanja njihove crkve. »Svećenicima Srpske pravoslavne crkve treba biti jasno, stoji u priopćenju za javnost, da je autokefalni status MPC-a prvenstveni interes makedonskog naroda i države te da Svetiklimentova crkva neće iznevjeriti to ni pod kakvim pritiscima.«

Разговор: инж. Владимир Апостолски

# СЕГА И НИЕ СМЕ ДИЈАСПОРА

Стариот и новиот претседател вели дека, благодарејќи на Друштвото »Македонија« во последните три години Македонците на поквалитетен начин се афирмираа во средината во која живеат и затоа резултатите ги оценува како успешни.

»Ја сум пред сè и над сè – Шарпланинец!« Така ни се претстави, сосема кратко, инж. Владимир АПостолски (59 години), мошне популарниот Владо, кога го замоливме да ни ја раскаже својата кратка биографија. И тоа за сите Сплиќани кои го познаваат веројатно е доволно: Владо, велат, навистина е типичен Шарпланинец, со сите својства што ги карактеризираат кучињата и луѓето со »педигре« на Шарпланина. Инаку, Владо е основач и единствениот претседател досега на Друштвото »Македонија«, стар и нов, досегашен и понатамошен. Роден е во Тетово 1935. г., каде завршил основно училиште и гимназија »Кирил Пејчиновиќ«, а Градежен факултет во Белград. Во Сплит живее веќе 32 години и како градежен инженјер и автор на многу проекти оставил длабоки траги во урбанистичкиот изглед на тој град. Дури и прекрасниот хотел »Сплит«, каде Македонците се чувствуваат како дома, делумно е и негово дело. Сега е директор на приватната фирма АПО-69, која е регистрирана како сопственост на неговиот син Зоран.



**Денешниот ден го доживеавме како голем празник на Македонците во Сплит. Сè беше многу свечано и интимно во исто време. Што значи за сите вас овој ден и ова собрание на »Друштвото »Македонија«?**

– Денес за Македонците и пријателите на македонија во Сплит навистина е празник зашто на денешен ден пред три години, 1991 г., одржавме основачкото собрание на ова наше Друштво. Тоа беше тешко и бурно време за нашата татковина Хрватска. Сметам дека во такви судбоносни моменти бевме мошне храбри кога решивме да го основаме Друштвото, иако многумина Македонци, добро се сеќавам, во тоа време со недоверба и сомнение ја прифатија таа наша иницијатива.

**Како се собравте, како се организиравте?**

Едноставно се баравме и се наоѓавме. Се состанувавме, се дружевме и така се запознававме и се зближувавме. Така се раѓаа и идеите за нашите акции. Но, сèуште се бараме зашто знаеме дека има уште Македонци кои не се приклучија кон Друштвото.

**Колку членови имате?**

– Досега имаме 1500 членови. Речиси половина се пријатели на Македонија, а поголемата половина се сèпак Македонци. Ние сметаме дека уште 400 до 500 Македонци би требало да бидат опфатени во Друштвото. Но, нашето Друштво е отворено и за секого кој има некои симпатии или врски со Македонија.

**Кога решивте да го основате Друштвото, која ви беше главната мисла, главната цел?**

– ГЛавната цел во почетокот ни беше – да се најдеме Македонците. Да се омасовиме, да се организираме и преку една таква организација да почнеме поефикасно да решаваме некои проблеми кои веке се јавуваа со распаѓањето на поранешна Југославија. Тоа беа проблемите на државјанството, на домовници и патовници. И ние силно се ангажиравме и наидовме на полно разбирање и соработка на властите во Сплит и во Републиката. Тие обврски ги имавме сè додека во Загреб не беше основана Заедницата на Македонците, која многу ни помогна и ни ги олесни работите. Има уште нешто што го сметам како важно. Ние многу бргу сфативме дека сега и ние живееме во странство и дека стануваме дијаспора. Иако сме многу поблиску до Македонија, се најдовме во иста положба како и Македонците во Австралија, Канада и Америка. Таа нова положба бараше и нова организација, нов начин на работа и на настап. Мислим дека во овие три години успешно се снајдовме, благодарејќи на ова наше Друштво, постигнавме добри резултати и тоа го чувствува секој наш член. Иако не може да се каже дека и порано не се знаеше дека сме Македонци, во овие три години на поквалитетен начин се афирмиравме во средината во која живееме. Освен тоа, максимално се ангажиравме да ги застапуваме интересите на граѓаните од македонско потекло. Важна цел ни беше да го сочуваме нашиот идентитет, македонското културно наследство и македонскиот јазик. Затоа сега, меѓу другото, редовно ги славиме македонските празници, пред сè Илинден, како најголем празник, а потоа и верските празници, Божик и Велигден. Порано не можевме ни да помислиме да ги славиме тие празници заедно. Во исто време, се трудиме да ги негуваме културните и духовните врски меѓу двата братска народа, Македонците и Хрватите. Сè на сè, ни требаше многу добра волја и силно ангажирање да го најдеме, како Друштво, најдобриот пат и начин за решавање на животните проблеми. Сметам дека нашата концепција беше правилна и дека потполно сме успеале.

**Како ќе го прославите Илинден оваа година?**

– Ќе го прославиме како и минатата година, тоа сега веќе ни станува традиција. Одиме Во Радманови Млиници, тоа е колективен излет и доаѓаат по 200 до 300 Македонци и наши пријатели. таму тој најголем македонски празник го славиме сите стари македонски обичаји.

**Како се финансира Друштвото »Македонија«? Откаде ви пари за вашите бројни акции, па и за оваа богата прослава?**

– Се снаоѓаме на различни начини. Можам само да кажам како сигурно: од никого не сме украле, никого не сме го присилиле да ни даде пари. Воглавно живееме од прилозите на нашите членови. Имаме членарина, која не е голема, но покрива еден дел на трошоците. Многу ни помогна и финансиски Заедницата на Македонците откога се формираше и почна да функционира. Имаме членови кои материјално поарно стојат и тие со своите редовни прилози многу ни помагаат. Да ја спомнам само фирмара »Аспалатос« со г-н Манџуковски, па г-н Карајанов, а тука е и мојата маленкост со фирмата АПО-69. Кога ќе направиме некој трошок, заедно го делиме и го покриваме само да не останеме должни. До денес никого ништо не му должиме.

Михаило Ничота

# МОНОГРАФИЈА ЗА СВЕТИТЕ КИРИЛ И МЕТОДИЈ

- **Книгата ја подготвија Вера Стојчевска Антиќ и Славе Николовски-Катин**

Неодавма во Скопје по повог прославите за светите браќа Кирил и Методиј, книгоиздателството »Матица македонска« ја издаде монографијата »Во чест на светите Кирил и Методиј«, на авторите Вера Стојчевска Антиќ и Славе Николовски-Катин. Пред бројните културни, јавни, духовни и општествени работници, претставници на дипломатски претставништва во Република Македонија, факултетски професори, научници, ученици, свештени лица и други вљубеници во пишаниот збор, а со учество на составот »Кукузел«, ова значајно дело пред големиот аудиториум го преставија проф. д-р Радмила Угриновс-Скаловска и јас поглаварот на МПЦ архиепископот Охридски и Македонски Михаил.

Имав особена чест да напишам рецензија за овој вежен труд, кој го подготвија заеднички Вера Стојчевска-Антиќ, професор на филозофскиот факултет во Скопје и Славе Николовски-Катин, потпретседател на Комисијата за односи со верските заедници на Република Македонија. Ова го потенцирам, бидејќи идејата да се пишува за значењето и присуството на светите Кирил и Методиј во Македонија и неговите ученици св. Климент и Наум Охридски е секогаш благородна, актуелна и значајна бидејќи темата за светителите и просветителите св. Кирил и Методиј е широка, вечна, македонска и општословенска«.

Ова убаво технички обликувано и луксузно обликовано издание кое изобилува со бројни фотографии на кои се преставени словенските и македонските просветители, претставува преглед на поважните дејности со Кирилометодиската традиција, во периодот од 1944 до 1994 година. Покрај бројните манифестации, собири, институции, личности и други кои се носители на името, дејноста и работата на светите Кирил и Методиј, во неја се проследени и јубилејите кои во одредени години ги потенцираат активностите во врска со преставувањето, изучувањето или откривањето на нивното сестрано дело. Своевиден простор е посветен и на културната манифестација »Во чест на Св. Кирил« и поклоненијата на светиот гроб на Св. Кирил Солунски во Рим, во периодот од дваесет и пет години (1969–1994).

Покрај убавината на темата што ја пласира оваа обемна монографија радува фактот што таа е посветена на чествувањата на Солунските браќа во последните педесет години. Тоа значи редослед на нивното присуство во словенскиот свет, особено во Македонија, а е опфатено и честувањето на Светите Браќа надвор од Македонија, со учество на бројни поклоници, преставници, делегации, поединци, истакнати научни и јавни работници и друго, кои посебно се занимаваат со нивното дело.

Од нашата средина изникна Охридската книжевна школа, основана од ученикот на Браќата – Свети Климент Охридски. Тој ја продолжи работата на св. Кирил и Методиј и како резултат на тоа од Охридскиот центар ќе се рашири македонската книга, македонското слово и македонскиот збор ширум сите словенски средини, ширум Балканот и ширум сите културни народи во Европа. Од нашата средина се појавија луѓе чија големина и широчина и денес сите нас не напојува. Меѓу нив се нашите стари Учители – светите Кирил и Методиј, Климент и Наум Охридски и многу други.

И овде, не можеме да ги одминеме, иако често цитираните мудри мисли од Светите браќа изречени во Венеција во борбата со тријазичните, на кои никако не



им одговарала идејата за рамноправност на божјите народи: »Човече, кажи ни како си им ги создал на Словените книгите и ги учиш од нив, што досега никој не измислил, ниту апостолите, ниту Римскиот папа, ниту Григориј Богослов, ниту Ероним, ниту Августин? А ние знаеме само три јазици на кои е достојно во книгите да се слави Бог – еврејскиот, елинскиот и латинскиот?« Филозофот на тоа одговорил: »Не врне ли дожд од Бога еднаково врз сите? А сонцето, не грее ли исто така за сите? Зарем не дишиме воздух сите еднакво? Па тогаш како не се срамите да признаете само три јазика, а сите други народи сакете да бидат слепи и глуви. . .«

Оваа мисла во полемичен тон ја искажа големиот човекољубец, ортодоксен христијанин, признат филозоф – Константин-Кирил Солунски, за да ни остане во духовното наследство, за да не крепи и денес, да не бодри во сите периоди на опстојувања и пробиви. Многу значајно е тоа што нашите големи Учители ни го подарија Зборот во традицијата, која не изгаснувала, која траела и денес живее во сите нас.

Секој период кон светлите средновековни традиции од нашата културна историја е значаен, а навраќањата кон врвиците на светителите и просветителите се добредојдени во оваа наша мала, но истрајна средина со цел нивното дело да го доближат до нашиот човек. Браќата претставуваат благородно свртување кон »СВЕТИЛНИЦИТЕ НА ВСЕЛЕНАТА«, како што ги нарекол Браќата светите Кирил и Методиј охридскиот архиепископ Теофилакт.

Објавувањето на монографијата »Во чест на светите Кирил и Методиј« од проф. д-р Вера Стојчевска-Антиќ Николовски-Катин, предизвика интерес и кај младите и кај постарите наши современици и кај обичните граѓани-верници, бидејќи ги содржи сплоатени и световните и верските чествувања на светите Кирил и Методиј.

Архиепископ Охридски и Македонски
г. г. Михаил

**Сеќавање:**

# ГОЛЕМИОТ УЧИТЕЛ ОД МАЛА ПРЕСПА

## Никола Беровски (1923–1993)



**Деца Македончиња од Малопреспанските села во Албанија каде учителствувал Никола Беровски**

Во Тирана, во седумдесетата година од животот во ноември почина Никола Беровски – големиот учител од Мала Преспа, човекот кој на Македончињата во Албанија им ги пишуваше учебниците на мајчиниот јазик и на кирилична азбука, која остави свој белег во зачувувањето на македонскиот национален идентитет во оваа соседна земја.

Во сеќавањето на своите сонародници во соседна Албанија ќе остане запаметен како организатор на наставата по македонски јазик кога беше најпотребно – пред повеќе од четири децении, како подготвувач на учебници и на другата помошна литература во услови кои речиси беа невозможни за таква дејност. Ќе остане запаметен како најголем негувач на македонскиот јазик и култура во оваа соседна земја.

Никола Беровски (роден во Битола во 1923 година) е еден од македонските учители, кои во ноември 1944 година е испратен за учител во Мала Преспа, во рамките на тогашната меѓудржавна соработка и помош во областа на образованието и воспитанието. Неколку години подоцна, кога по Резолуцијата на Информбирото се влошуваат југословенско-албанските односи и се затвора границата, единствено тој и учителот Ѓорѓи Малевски од Велгошти, нема да се вратат во Македонија. Доколку и тој заминеше, на училишната врата во Пустец ќе се ставеше катанец и македонскиот јазик немаше да се изучава. Тоа беше главната причина, поради која не се врати.

Кога Мала Преспа остана без учители, тој од школските власти во Корча побара и доби дозвола и натаму да се изведува настава на македонски јазик. За осумте училишта немаше наставници, но Беровски одбира тројца ученици кои завршиле четврто одделение и неколкумина кои го завршиле ноќното училиште на македонски јазик, што претходно го воделе македонските учители, и со нив работи и ги оспособува за учителска дејност. Во тоа време е принуден да стане и учебникар, бидејќи сите учебници што биле донесени од Југославија биле изгорени. Пишува куси уроци од неколку реда и се комплетираат првите импровизирани учебници во еден примерок, со кои наставата се изведува до 1954 година.

Во 1952 година Никола Беровски е повикан во Тирана за да го состави првиот букар на македонски јазик.

»Како млад немав никакви познавања за учебникарски работи. Имав македонски букар, што го имав зачувано, скриен, и со помош на друга литература, земи одовде, земи одонде, некако го комплетирав букварот и тој излезе заедно со читанката за прво одделение. Тоа многу им помогна на учителите. Вториот букввар кој беше подобар, почнав да го пишувам во 1955 година, а наредната година излегоа учебниците; читанка – посебно за секое одделение, сметанки, истории, природознание . . .

Некој ќе праша: зошто овој избега во Тирана, а ја остави Преспа? Ако останев во Преспа ќе немавме ништо: ни книги, ни прирачници, во Корча немаше никакви услови за да се прават учебници«, вели Беровски за почетоците на својата учебникарска дејност, во разговорот за »Нова Македонија« на 1 јуни 1992 година, кога по 46 години прват дојде во Република Македонија за да го прими високото признание – наградата »Климент Охридски« што му беше доделена за исклучителен придонес за образовно-воспитна дејност, односно за неговата макотрпна рабора во заштитата и ширењето на македонскиот јазик, култура и писменост.

Никола Беровски е подготвувач на над осумдесет изданија учебници и помошна литература за учениците

***• Во четириесеттите години беше организатор на наставата на македонски јазик во Мала Преспа, а потоа и учебникар. Автор на осумдесетина учебници и на првиот македонско-албански речник***

од прво до четврто одделение како и за децата од предучилишна возраст. Без соодветна помошна лексикографска македонска литература, со зборовите што самиот ги бележел, во 1950 година го почнува првиот македонско-албански речник, кој во 1989 година е печатен со фонд од триесет илјади зборови, а последниве години работеше на пообемен речник. Истовремено, тој е и првиот преведувач на македонски јазик од делата на познатиот писател од Албанија. ипаку Македонец, Стерјо Спасе.

Во неговата учебникарска работилница останаа недовршени уште неколку учебници, што ќе им недостигаат на Македончињата од Мала Преспа.

Со сето она што го направи во изминативе пет децении Македонците од Албанија му останаа вечни должници на големиот учител од Мала Преспа.

**Н. Цветановски**

# ТОЛКУВАЊЕ НА БОЛКАТА

## I ДЕЛ

*Да се биде Македонец –*
*најпрво е света работа,*
*а дури потоа проклетство и немир.*
*И не сме Македонци*
*затоа што зборуваме на македонски,*
*и не сме Македонци*
*затоа што пееме на македонски –*
*Македонци сме затоа*
*што тагуваме на македонски!*

*Едни си ја цртаат Македонија како девојка*
*во облека од мијачкиот крај, од крај дивине води,*
*само што зад неа изнацртуваат едночудо животни,*
*од диви – подиви, од црни – поцрни!*
*Други си ја цртаат како вдовица Егејка – вдовица,*
*со широк фустан до земја, до под земја,*
*а црн: никогаш умот ноќе на љубов да не ти помисли!*
*Трети си ја цртаат како пружа што си се зашетала*
*низ она поле широко, по она друмје бескрајно,*
*а сенката, темната сенка, и паѓа по се земја,*
*та пуста земја да не може да се види!*

*И, така секој си ја црта Македонија како ум му сече,*
*како што ќе му потшепне срцето,*
*но тагата сите исто и ја цртаат:*
*Очите различно ќе и ги набојат де сини, де зелени,*
*ама тагата секогаш иста: како Пелагонија ноќе;*
*образите различно ќе и ги одредат, де румени, де без душа,*
*ама тагата секогаш иста: како Солун под снег;*
*ставата различно ќе и ја предадат, де како чудо, де како зло,*
*ама тагата секогаш иста: како носење на мртов комита низ цело!*

*Никогаш не и се израдувавме на татковината,*
*со една рака ја оравме со другата ја бранeвме,*
*и до ден-денес не знаеме*
*кое поле и раѓа најкласата пченица,*
*ни кој присој и носи најдрочно грозје,*
*ни во која ливаја можеш оро да извиеш*
*а да не се сопнеш од гроб!*

*Но прекрасно ми е што сум Македонец*
*и, што сум жив нишан во светот:*
*куќата ја градам со живите,*
*со мртвите го одредувам дворот!*
*Подобро на мртвите да им се понудува живот,*
*отколку на живите да им се обезбедува смрт!*
*Оти само еднаш*
*татковината се освојува однадвор,*
*а потоа секогаш се освојува само одвнатре!*

*Што е праведен Ное меѓу луѓето –*
*тоа се Македонците меѓу народите!*
*Ускратено ни беше и пак велевме:*
*Голем е Господ!*
*одземено ни беше и пак велевме:*
*Праведен е Господ!*
*Само надежта ни остана и пак велевме:*
*Непогрешлив е Господ!*
*Патот до небото го откупивме*
*со најмилите и најумните глави –*
*затоа нашите траги на земјата*
*не знаеат да ги прочитаат оние*
*што се истакнале во уривање цркви и градење стражарници!*

*Преку жртви,*
*преку мртви,*
*преку страдни,*
*преку гладни,*
*преку здолни,*
*преку болни,*
*преку робје,*
*преку гробје,*
*преку молчеж,*
*прелу толчеж –*
*преку сè од други презрено и просто –*
*дојдовме до својот бел и чесен опстој.*

*Имаше векови на црната боја*
*кога само Свети Климент Охридски*
*ги претставуваше и целиот македонски народ*
*и целата македонска земја –*
*и никај немаше дрскост да рече*
*дека сме малуљуден народ и неважна земја!*
*Погрешно е да се мисли*
*дека сме биле под заштита на Небото –*
*ние секогаш, сме биле во служба на Небото!*
*Ете, затоа, и трагите на небото*
*ни се и побројни и подлабоки од оние на земјата!*

*Ако другите народи можат да се пофалат*
*со војсководители,*
*нашиот нерод може да се пофали –*
*со душоводители!*
*Не стекнавме знаења за тоа како се прават*
*неправедни држави и богати истории,*
*ниту како се пустошат туѓи градови и гробови –*
*затоа пак имаме недоброј молитвеници на Небо*
*кои испросија за овој намачен народ*
*рајските порти секогаш да бидат отворени!*

*Трештете тапани на срцата.*
*разлевај се музико на душите,*
*и денеска Македонија се мажи за Небото!*
*Бајраците на свадбата со голо око можат да се видат*
*дури од Ерусалим, Света Гора и Киев!*
*Ако престорувањето на водата во вино*
*беше чудо на свадбата во Кана Галилејска –*
*на свадбата во Македонија тоа е вистина:*
*до што е вода – претворена е вино*
*и до што е човек – претворен е во сад за виното!*
*Македонија е меѓа на Европа,*
*а црква на светот –*
*за да се исполни словото Господово:*
*Нема прв и последен!*
*И многу први – ќе бидат последни!*
*И многу последни – ќе бидат први!*

*И ние сведочиме за чесноста на мигот*
*во кој започна да се извршува*
*– спогодбата со Небото!*
*Кое око да ја издржи глетката:*
*Македонија, до вчера, со врзани очи, раце и нозе,*
*да стои меѓу оние кои се повикани*
*да ја облагородат вечноста!*
*Воскрсната Македонијо,*
*нека е благословено твоето вселување*
*во зборовите со кои мајките ги очекуваат децата,*
*во лебот подаден на сиромашките и скитниците,*
*во зрното стасано за птиците небесни,*
*во мислите со кои мажот го брани семејството,*
*во молитвите на оние кои ја обработуваат земјата,*
*во душите кои и на омраза одговараат со љубов!*

*Од себе крадевме – светот го градевме!*
*Дури ни најблиската околина*
*не го удостојува со должна благодарност*
*тоа ретко човекољубие:*
*како ни бил зборот единствено трло –*
*по зборот со камења ни фрлаат,*
*иако ни била песната единствена војна –*
*од книгите ни ја бришат,*
*иако ни била црквата единствена куќа –*
*темелите и ги поткопуваат!*

*Преку драки,*
*преку маки,*
*преку трпеж,*
*преку ками,*
*преку амин,*
*преку брани,*
*преку рани –*
*преку сѐ од други презрено и гласно*
*дојдовме до лице како сонце јасно!*

*Затоа, ве молам, размислувајте за Македонија*
*не според она со кое ве заразиле,*
*туку според она со кое ве лекувале:*
*имено, Македонија не е остаток од светот,*
*туку дел од светот во кој Свети Климент Охридски*
*е почеток на сите идни настани!*

*Ако на минатото не му обезбедиме иднина*
*и ако на иднината не и обезбедиме минато –*
*ќе значи дека сме поминувале низ животот*
*како топлокрвни броеви,*
*како стадо сенки!*
*Најпосле,*
*Македонецот не бара да не биде вознемируван*
*додека живее,*
*но барем да не биде вознемируван откако ќе умре!*

*Преку мртви,*
*преку жртви,*
*преку драки,*
*преку маки –*
*преку сѐ од други презрено и клето*
*дојдовме до име пречесно и свето!*

## *II ДЕЛ*

*Неплодна земја не раѓа,*
*а Македонија раѓаше: и бунџии, и ајдуци,*
*и комити, и партизани!*
*Од гнездо на црно пиле бело не се извело:*
*ни во сон не помислувајте дека Македонија*
*не е татковина на Слободата,*
*дека не е нива на љубовта,*
*дека не е поле на верата!*

*Замислете си ја,*
*о, само за миг замислете си ја*
*онаа недобројна војска македонска*
*која со Небото и за Небото*
*го брани македонскиот народ на земјата!*
*Крстот и е главното оружје,*
*а љубовта – основна наредба!*
*Патот и е Исус Христос,*
*патот и е војна против сите војни:*
*мир на земјата и меѓу луѓето добра волја!*

*Најнапред е Свети Климент Охридски*
*кој прв на Небото отслужи*
*чесна Божја литургија на македонски,*
*му отпеваше хорот составен*
*не само од сите тогашни,*
*туку и од сите идни Македонци!*
*И до него – Свети Наум Охридски*
*кој низ чуда и целебни дејствија*
*му приготви и му приготвува на Господа*
*народ чистоверен, народ верен, народ смерен!*

*До нив веднаш, јунаците,*
*војниците што ја одбраа тишината за оружје*
*против страсната врева на светот,*
*но не за да го презрат светот,*
*туку да го отрезнат:*
*Прохор Пчински, Јоаким Осоговски,*
*Јован Рилски и Гаврил Лесновски,*
*и стотици неименувани,*
*илјадници незабележани,*
*но пред Бога знајни, запишани*
*во книгата на вечниот живот!*

*А јунакот Свети Ѓорѓи Кратовски*
*е знаме за сите што веруваат*
*и опомена за сите што тргуваат*
*со она што е постаро и од нашите мајки,*
*и од нашата татковина, и од нашите синови,*
*и од нашата заблуда дека сме сопственици*
*на светот што го гледаме и од тоа гледање*
*ослепуваме!*
*Во огни го фрлија насилниците,*
*не знаејќи дека златото кога ќе помине низ огни*
*почисто станува!*

*Запомнете: Света Злата Мегленска!*
*Од магли, од мрак, од грешност*
*ја извади македонската жена*
*и ја благослови да го обновува светост и животот*
*со рожби за вечност, со народ за подвиг!*

*О, нови подвижници, о саможртвувани,*
*о момчиња што се венчавте со Македонија*
*за да и ја обезбедите иднината!*
*О време удостоено со незаборав,*
*о голем настану чија девојчинска суштина*
*не ќе ја оспори ниедно подоцнежно*
*преименување на нештата!*
*О велико ослободување*
*па макар изведено и само како сон,*
*кога беше Македонија висока земја,*
*кога на секој рид и блескотеше по еден Ерусалим,*
*кога во секоја рамнинка*
*и се отвораше по еден Киев,*
*кога во секој човек му престојуваше по една*
*Света Гора.*
*О одење во небо,*
*о преселување при кое не се заборави ни за миг*
*договорот со Бога!*
*Оние што се себеосудија*
*за навек да останат младинци на Македонија –*
*ни подготвија пат по кој се стигнува*
*За деносто праве на народ*
*до неразменливата широчина на татковина!*
*Спомни се ги Господи во царството Твое:*
*Гоце, Јане, Даме, Питу,*
*Ѓорче, Ѓорѓи, Димо, Петар,*
*Мишо, Никола, Лазар, Иљо,*
*Марко, Славко, Ордан,*
*Апостол, Милан, Мицо,*
*Методија, Христо . . .*
*И уште спомни ги Господи:*
*Страшо, Мирче, Цветан,*
*Кочо, Коле, Ганчо,*
*Антон, Никола, Мите,*
*и пак Питу, и пак Ѓорѓи,*
*и пак Ордан, и пак Лазар,*
*Орце, Вера, Невена,*
*и пак Никола . . .*

*Спомни ги Господи сите оние*
*што си ја носеа главата во торба*
*за да и е секогаш светло на Македонија*
*и оние што не узнаа трепет на срцата*
*за да ја одржат Македонија чиста свршеница*
*за Небото и вечноста,*
*и оние што се запалуваа себеси*

*за да не остане никогаш без кандило*
*иконата на православна Македонија,*
*и оние што се заробуваа себе си*
*за да не може никој да покаже со прст*
*на слободата на татковината,*
*и оние што се вградуваа себе си*
*во црквите и манастирите*
*за да не може никој подоцна*
*да ни го оспорува наследството*
*и да ни го сомнични потеклото!*

*Македонија на Небо*
*расте со Македонија на земја*
*и Македонија на земја*
*се брани со Македонија на Небо!*
*Затоа попусти се сите закани*
*и залудни се сите напади!*
*Македонскиот народ има две татковини:*
*во небесната – е пред Бога,*
*во земната – е со Бога!*

*Теодор С.*



**Ви препорачуваме:**

## ИЗВОРИ И ВИСТИНИ ЗА МАКЕДОНИЈА

**Пред неколку години во издание на »Кршќанска садашњост« од Загреб, излезе од печат мошне интересната и поучна книга »Историско правниот развој на Католичката црква со византиско-словенски обред во Македонија« од свештеникот Киро Стојанов. Смел, редок и пред се благодарен потфат на издавачот, се разбира во откривањето на вистината не само за една земја и народ, туку за една цивилизација и нејзините достерели и квалитети. Од друга страна тоа четиво со својата аргументација, излагање и веродостојност може да му служи на чест како на авторот така и на издавачот. За тоа им должиме човечка и христојанска благодарност.**

**Книгата на сите наши читатели им ја препорачуваме, се разбира доколку сеуште ја има во книжарниците на »кршќанска садашњост« а за оваа прилика во нашиот магазин во целост ги пренесуваме заклучните размисли на авторот г. Киро Стојанов.**

# *Povijesno-pravni razvoj Katoličke crkve bizantsko-slavenskog obreda u Makedoniji*

KS

Stvaranjem posebnog Apostolskog vikarijata za Makedoniju formirana je prvotna pravna struktura sjedinjene Makedonske crkve. Prvi vikar Apostolskog vikarijata biskup Mladenov označio je jasan pravac razvitka sjedinjene Crkve u Makedoniji. U vrijeme služenja biskupa Mladenova sjedinjena Crkva u Makedoniji doživjela je svoj vrhunski procvat; 1888. godine brojala je oko 100.000 vjernika i 60 sjedinjenih župa. Taj procvat sjedinjene Katoličke crkve bio je kratkog vijeka, prouzročen nesretnim okolnostima koje su zadesile biskupa Mladenova. Prijelazom biskupa Mladenova na pravoslavlje, većina sjedinjenih Makedonaca slijedila je primjer svog biskupa, a njegovim povratkom u krilo Katoličke crkve malo tko se od vjernih vratio. Koncem 19-og stoljeća ostalo je samo 8000 katolika Makedonaca.

Raspodjelom Makedonije u balkanskim ratovima Makedonska je katolička crkva bila gotovo uništena. Pod pritiskom grčke vojske katolici Makedonci Kukuša i okolice, u namjeri da sačuvaju s Katoličkom crkvom, napustili su svoja rodna ognjišta i potražili utočište po raznim dijelovima Makedonije te bijegom preko granice u Bugarsku.

Nakon prvog svjetkog rata katolici Makedonci ostali su u Vardarskoj Makedoniji i strumičkoj oblasti s ukupnim brojem od pet župa. Tadašnji biskup Epifanije Šanov bio je prognan iz Grčke u Bugarsku, te je tako bio spriječen u izvršavanju jurisdikcije nad makedonskim katolicima u tadašnjoj Jugoslaviji. Sveti otac povjerio je katolike Makedonce brizi tadašnjeg skopskog nadbiskupa latinskog obreda Lazara Miede. Konačni pravni položaj za katolike Makedonce određen je 19. listopada 1923. godine kada su odredbom Kongregacije za Istočne crkve postali sastavni dio Križevačke eparhije. Tim činom Makedonci predstavljaju jednu od pet etničkih grupa koje tvore Križevačku eparhiju.

Godine 1941, kada su bugarske okupatorske snage zauzele Makedoniju, katolici su u Makedoniji bili pripojeni jurisdikciji Apostolskog egzarhata u Sofiji, i kao takvi ostali su do konca 1945. godine kada su ponovno vraćeni u okvir Križevačke eparhije.

Križevački biskup Gabrijel Bukatko obnovio je 1954. godine Arhijerejsko namjesništvo u Makedoniji, ali se nije moglo potpuno ostvariti radi nesretnih okolnosti koje su zadesile arhijerejskog namjesnika.

Dekretom Kongregacije za Istočne crkve od 3. srpnja 1972. godine skopsko-prizrenski biskup Joakim Herbut sa sjedištem u Skopju imenovan je apostolskim vizitatorom za katolike bizantskog obreda u Makedoniji s punom jurisdikcijom nad njima, premda oni i dalje čine sastavni dio Križevačke eparhije.

Praktični cilj ovoga rada bio je predstaviti povijesnopravni razvoj Katoličke crkve bizantsko-slavenskog obreda u Makedoniji koja je izrasla iz pokreta Kukušana za oslobođenje od duhovnog ropstva. Svoe pokušaje Makedonci Kukuša i okolice realizirali su postojano, odano i jednodušno. Kukuš je bio jedino mjesto koje je odlučno prekinulo odnose sa carigradskim patrijarhom i sjedinilo se s Katoličkom crkvom. Kukuško je sjedinjenje, uza sve burne okolnosti vlastite povijesti, ostalo trajno, sačuvavši vlastiti identitet bizantsko-slavenskog obreda.

Izloženim radom pod naslovom: »Povijesno-pravni razvoj Katoličke crkve bizantsko-slavenskog obreda u Makedoniji« predstavljen je povijesni put njezina pravnog razvoja i organizacije.

Na početku, u uvodnom dijelu, predstavljena je u razdoblju od nekoliko stoljeća evolucija makedonskog naroda i razvitak Crkve do samog pokreta za sjedinjenje s Katoličkom crkvom. Pokrštenje Makedonaca počinje od samog apostola Pavla, koji su se, u masi najezda slavenskih plemena u VI. i VII. stoljeću, izgubili te je po drugi put pokrštenje bilo u vrijeme sv. Ćirila i Metoda i njihovih učenika. Dolaskom učenika sv. braće Ćirila i Metoda, Klimenta i Nauma iz Moravije u Makedoniji je stvorena prva slavenska biskupija na Balkanu, odnosno Klimentova biskupija, a hipoteza o sjedištu te biskupije ostaje otvorena sve do danas. U vrijeme Samuilovog carstva i stvaranjem južnoslavenskih biskupija stvorena je i Ohridska nadbiskupija čija se autokefalnost održala sve do 1767. godine kada su je Turci ukinuli pod pritiskom Carigradske grčke patrijaršije. Kada je Makedonija pala pod Tursku, grčki je kler zauzeo više crkvene položaje te je počeo uvoditi u bogoslužje svoj jezik, običaje i svoju kulturu, što je bilo sasvim suprotno slavenskom narodu koji se počeo odupirati takvoj pojavi.

Taj pokret za oslobađanjem i osamostaljenjem dobiva svoj zamah sredinom 19. stoljeća kada se u cijeloj Evropi počela buditi nacionalna svijest koja je zahvatila i Makedoniju.

U borbi za osamostaljenjem od grčkog crkvenog utjecaja, s nacionalnim se duhom u makedonskom narodu probudio i duh crkvene nezavisnosti o Carigradskom patrijarhatu. Nakon bezuspješnog traženja saveznika u raznim nezavisnim crkvama pokušaj za oslobođenje od jurisdikcije carigradskog patrijarha završio je sjedinjenjem s Katoličkom crkvom u Kukušu i okolini 1859. godine odakle i naziv »Kukuško sjedinjenje«.

Posrednici pri kukuškom sjedinjenju s Katoličkom crkvom bili su oo. lazaristi iz Soluna koji su svoj misijski rad u tim krajevima započeli 1851. godine, kada su otvorili svoju misijsku kuću u Solunu te 1854. godine u Bitolju.

Početak hijerarhije Makedonske katoličke crkve počinje s nadbiskupom Josipom Sokolskim koji je 1861. godine bio imenovan nadbiskupom za sjedinjene Bugare u Carigradu te je njegova jurisdikcija obuhvaćala i sjedinjene u Makedoniji. Sam nadbiskup Sokolski bio je prijevarom protivnika sjedinjenja odveden u zatočeništvo 1861. godine. Sa njegovim je nasljednicima do 1874.godine sjedinjene u Makedoniji pretrpjelo velike gubitke.

Preporod sjedinjenja u Makedoniji otpočeo je s biskupom Izvorovim. A kada je on 1883. godine postao nadbiskup za sjedinjene Bugare i Makedonce sa sjedištem u Carigradu, tada su bila stvorena dva Apostolska vikarijata: za Bugare sa sjedištem u Jedrenju i Apostolski vikarijat za Makedoniju sa sjedištem u Solunu-Kukušu, čiji je apostolski vikar postao Lazar Mladenov.

Jurisdikcija se Makedonske katoličke crkve često puta mijenjala zbog različitih okolnosti, a konačni pravni oblik bio je određen 1923. godine, kada su pripojeni Križevačkoj eparhiji, sa prekidom u drugom svjetskom ratu. Utjecaj križevačkog biskupa koji stoluje u Zagrebu zbog velike udaljenosti nije mogao imati željene efekte. Zato je dekretom Kongregacije za Istočne crkve od 1972. godine imenovan skopsko-prizrenski biskup Joakim Herbut za apostolskog vizitatora s punom jurisdikcijom nad svim katolicima bizantskog obreda u Makedoniji; križevački biskup »de facto« sada nema jurisdikcije nad tim vjernicima, a praktično je stvorena »Apostolska vizitatura«, koja se radi blizine biskupa i čestog posjećivanja vjernika pokazala veoma pozitivnom.

Radnja namijenjena »Povijesno-pravnom razvoju Katoličke crkve bizantsko-slavenskog obreda u Makedonji« imala je za cilj predstaviti tu Crkvu, kako sa povijesnog tako i sa pravnog stajališta, ali pošto je u masi povijesnog razvoja ostao u sjeni pravni razvoj, ovaj pravni zaključak ima za cilj predstaviti pravni razvitak Makedonske katoličke Crkve, prema etapama kojima se spomenuta Crkva razvijala od samog početka do današnjih dana.

1. Makedonski vjernici na samomo početku ujedinjenja s Katoličkom crkvom nalazili su se pod upravom lazarističkog misijskog centra otvorenog u Solunu 1851. godine. Osim Soluna lazaristi su imali svoj misijski centar od 1854. i u Bitolju. Lazaristi iz Soluna bili su posrednici crkvenog sjedinjenja između žitelja Kukuša i Katoličke crkve, te su njihovim posrestvom Kukušani 1859. godine uputili molbu za sjedinjenje papi Piju IX.

Misijski katolički centri koji su djelovali u Makedoniji nalazili su se pod jurisdikcijom apostolskog vikara u Carigradu.

2. Koncem 1860. godine skupina bugarskih vjernika u Carigradu sjedinila se s Katoličkom crkvom i već u prvoj polovini 1862. godine dobila je svog nadbiskupa u osobi Josipa Sokolskog. Njegova je jurisdikcija obuhvaćala i sjedinjene katolike u Makedoniji, i samim tim sjedinjeni katolici u Makedoniji našli su se u okviru Carigradske bugarske nadbiskupije.

3. Nesretnim okolnostima koje su zadesile nadbiskupa Sokolskog, koji je bio odveden u zatočeništvo od strane Ruske pravoslavne crkve, sjedinjeni vjernici ostali su bez svog pastira sve do 1865. godine, kada je bio imenovan za sjedinjenog biskupa Rafajil Popov sa sjedištem u Jedrenju, te su se tako i sjedinjeni vjernici iz Makedonije našli pod njegovom jurisdikcijom. U vremenu biskupskog služenja Rafajila Popova sjedinjenje je u Makedoniji dosta oslabilo. A nasljednik Popova od 1786. godine biskup Nil Izvorov, koji se umjesto u Jedrenju nastanio u Kukušu, ponovno je utvrdio sjedinjenje u kukuškoj okolici. Kada je 1883. godine Izvorov bio imenovan za nadbiskupa sa sjedištem u Carigradu, tada su bila stvorena dva apostolska vikarijata: Apostolski vikarijat za Trakiju sa sjedištem u Jedrenju sa apostolskim vikarom Mihajlom Petkovim i Apostolski vikarijat za Makedoniju sa sjedištem u Solunu-Kukušu, za koji je bio imenovan biskup Lazar Mladenov.

Dakle, stvaranjem posebnog apostolskog vikarijata za Makedoniju formirana je prvotna pravna struktura Sjedinjene makedonske crkve, a prvi vikar Apostolskog vikarijata, biskup Mladenov, označio je jasan pravac razvoja Makedonske katoličke crkve.



**Skopsko-prizrenski biskup J. Herbut**

Nakon balkanskih ratova 1912/13. teritorij Makedonije bio je razdijeljen između Grčke, Srbije i Bugarske. Nasljednik Mladenova biskup Epifanije Šanov bio je 1915. godine interniran na otoku Naksos u Grčkoj a 1919. godine grčke su ga vlasti protjerale u Bugarsku. Samim tim on je bio spriječen u izvršavanju svoje jurisdikcije nad makedonskim katolicima pripojenim tadašnjoj Srbiji. Tada je Sveti otac povjerio katolike Makedonce brizi ondašnjeg skopskog nadbiskupa latinskog obreda, Lazara Miede.

5. Konačni pravni položaj za Makedonsku katoličku crkvu u Jugoslaviji bio je određen 19. listopada 1923. godine, kada je ona odredbom Kongregacije za Istočne crkve postala dio Križevačke eparhije, sa izuzetkom u drugom svjetskom ratu. Od godine 1941, kada su bugarske okupatorske snage zauzele Makedoniju, katolici istočnog obreda su bili pripojeni jurisdikciji Apostolskog egzarhata u Sofiji, stvorenog 1926. godine, a 1945. bili su ponovno vraćeni u okvir Križevačke eparhije.

6. Radi prevelike udaljenosti križevačkog biskupa, koji stoluje u Zagrebu, od svojih vjernika istočnog obreda u Makedoniji, na zahtjev istog, Kongregacija za Istočne crkve, 13. srpnja 1972. imenovala je skopsko-prizrenskog biskupa dr. Joakima Herbuta, sa sjedištem u Skopju, za apostolskog vizitatora za sve katolike bizantskog obreda u Makedoniji sa punom jurisdikcijom; tako sada križevački biskup »de facto« nema jurisdikciju nad tim vjernicima, a praktično je stvorena »Apostolska vizitatura«, a apostolski vizitator biskup Joakim Herbut, koji je podrijetlom bizantsko-slavenskog obreda, vrši svoju pastirsku službu nad tim katolicima po bizantsko-slavenskom obredu te je time isključena i najmanja mogućnost latiniziranja spomenutih vjernika.

Ovim etapa razvijala se pravna struktura Makedonske katoličke crkve od samog početka ujedinjenja s Rimom do svog pravnog položaja u osobnoj jurisdikciji skopsko-prizrenskog biskupa Joakima Herbuta, apostolskog vizitatora svih katolika bizantskog obreda u Makedoniji. Pod jurisdikcijom apostolskog vizitatora, makedonski katolici bizantsko-slavenskog obreda u Makedoniji mogu se smatrati autonomnom crkvom (ecclesia sui iuris) u sklopu crkava sjedinjenih Rimskim Biskupom, nasljednikom sv. Petra i Kristovim namjesnikom u smislu kanona 27 § 1 nacrta Zakonika istočnih crkava (Codex Canonum Ecclesiarum Orientalium).

*Piše: D-r Goran Kalogjera*



*Racinov prijelaz hrvatskog teritorija 1928. godine na putu za Dresden, najvjerojatnije je njegov prvi susret s gradom ispod Sljemena, u kojem će u godinama, koje su dolazile, ostvariti niz iskrenih i čvrstih prijateljstava. Za vrijeme svog boravka u Dresdenu, Racin se zbližio sa dvojicom hrvatskih antifašista, Đurom Đakovićem i Kajom Paračem, koji su bili svjedoci njegova istupanja na Kongresu u korist Makedonaca i Makedonije, kada je bespoštedno kritizirao srpske kolonizatore, posrbljivanje srpske kolonizatore, posrbljivanje Makedonije, teror i ekonomski pritisak državne administracije u korist srpske buržoazije. Pri povratku kući, Racin je uhapšen na stanici u Vuhredu u društvu Hrvata Parača, koji se također vraćao u Solin. Nakon boravka u Mariboru, gdje je bio saslušan i maltretiran, Racin je zajedno s Paračem premješten u Split, gdje su doputovali 13. 1. 1929. godine. U nedostatku dokaza protiv Racina i Parača, koji su optuženi da su pripremali atentat na kralja Aleksandra, obojica su puštena na slobodu. Već sljedećeg dana Racin je napustio splitsku luku i brodom krenuo za Rijeku. Putovanje je proteklo u mislima na Rahilku Firfovu, njegovu djevojku, kojoj iz Splita, Rijeke i Zagreba šalje dopisnice pune iskrenih ljubavnih osjećaja. Racin 6. ožujkaje već u Zagrebu, nakon jednodnevnog boravka u Rijeci i Sušaku, koji mu ostaju u lijepom sjećanju, pogotovo Sušak. Racin u ZAgrebu ostaje samo dva dana, kratko, međutim njemu dovoljno da udahne političku i kulturnu klimu ZAgreba te godine. Ljubav prema Zagrebu nije slučajna, tijekom 1927/28. godine zagrebački časopis »Kritika« objavio je dva njegova književna rada — kratku priču »Rezultat« i pjesmu »Sinovi gladi«. Urednik i osnivač Kritike bio je Galogaža, s kojim će Racin i dalje surađivati. Nakon dvodnevnog boravka u Zagrebu, gdje je sklopio nova poznanstva i obnovio stara, Racin se vraća u Makedoniju. Godine koje dolaze za Racina su pune novih izazova i napornog rada. Racin 1931. godine dobiva obavijest od zagrebačkog časopisa »Literatura« da je objavljen natječaj za domaće pisce i da se nadaju njegovom sudjelovanju. Racin se odlučuje sudjelovati, te im šalje novelu »Vo kameniot majdan« (U kamenolomu) koja je najvjerojatnije nastala kao odraz teškog fizičkog rada u skopskom kamenolomu, gdje je radio kao kamenorezac. Racinova je novela pobijedila na natječaju i uredništvo ju je uvrstilo u prvi broj »Literature« 1932. godine. Nešto kasnije, 17. studenog iste godine, Galogaža se obratio Racinu pismom koje je veoma zanimljivo, jer pokazuje interes hrvatskih čitalaca za Racina i donosi podatke o još dva njegova rada—studiji o Hegelu i romanu Afion (Opijum). O interesu hrvatskih čitatelja za Racina svjedoče ove Galogažine rečenice: »Ima već tri godine kako su me neki ljudi pitali i pitaju me tko je taj pisac K. Racin.« Iz istog se pisma može doznati da je Galogaža očekivao Racinov tekst o Hegelu: »Čekam da mi prijatelj donese članak o Hegelu. Vjerujem da će biti dobar i ući u šesti broj.« Obećanje je i realizirano, tako da je Studija o Hegelu tiskana u broju šest Literature 1931. godine. Najinteresantniji su međutim oni podaci u njihovoj prepisci koji govore nešto više o sudbini romana Afion. Galogaža je očito imao taj Racinov roman u rukama, cijeli ili bar djelomično, jer mu u pismu odgovara: »Roman Afion treba izraditi i završiti, a ja ti obećajem naći izdavača. Prema tome pošalji ga kad bude gotov.« Racin je svoj roman u cjelosti posredstvom studenta farmacije u Zagrebu Vasila Đorgova dostavio uredništvu »Literature«, gdje se u užem krugu o romanu i raspravljalo. Unatoč svom obećanju da će pronaći izdavača za Racinov roman, Galogaža u tome nije uspio, tako da su samo neki fragmenti iz romana objavljeni u 5—6, broju »Literature« 1933. godine. Obzirom da je roman tijekom racije u Skoplju i hapšenja Racina 1934. uništen, fragmenti objavljeni u Literaturi jedino su svjedočanstvo o postojanju jedinog Racinovog romana. Tijekom 1933. godine Racin je ponovno u Zagrebu, u Hrvatskoj. Razlog je prvenstveno političke prirode, nedostatak propagandnog materijala i literature, kojih su se skopski antifašisti i komunisti nadali dobiti od svojih istomišljenika u Hrvatskoj. Racinu je to bio samo dobar povod da se ponovno domogne Zagreba u kojem je bio čitan i poznat. Pritom se ne smije smetnuti s uma da je do 1933. godine u hrvatskim časopisima Racin imao objavljene sljedeće književne radove: prozu Rezultat, 1928. godine objavljenu, pjesmu Sinovi gladi 1928; studiju o Hegelu 1931; novelu U kamenolomu 1932; i nekoliko fragmenata iz romana Opijum 1933. godine. Na temelju svojih objavljenih radova u Zagrebu i onih u sarajevskoj »Snazi« (Iz fabrike, Čeličnom stroju, Biti čovjek i U predvečerje) Racin je u očima hrvatske javnosti i kolega hrvatskih književnika uživao status obećavajućeg i nadarenog književnika pred kojim stoji budućnost. Pridodamo li ovim naslovima njegovu Antologiju bola (rukovet ljubavnih pjesama u rukopisu) i Knjigu pjesama iz 1932. godine, onda je Racin imao zavidan umjetnički opus koji nije bilo lako negirati.*



SAMOBOR

*Dolaskom u Hrvatsku, među hrvatske književne krugove, Racin se suočio s nizom autora različitih stilsko-formacijskih usmjerenja, među kojima je dominirao Krleža u prozi i Ujević u poeziji. Svrstati Racina, zbog njegovog prijateljevanja ili druženja s piscima iz kruga socijalne literature u krug Galogažinih istomišljenika ili sljedbenika ne bi odgovaralo istini. Racin je uistinu, kao radnik i buntovnik protiv srpskog režima osjećao bliskost spram ljudi i književnika socijalne struje, međutim nikada joj nije pripadao u jednom ekstremnom i utilitarističkom smislu Galogažina tipa. Racin se tijekom svog života formirao kao svestrano angažirani pisac, oštar kritičar lijevog i desnog vulgaliziranja u književnosti, pokazujući usput živ interes za sva književna strujanja. Nekim svojim stavovima o fenomenologiji lijepog, funkciji književnosti, percepciji stvarnosti i tendenciji književnosti Racin je samostalan ali i dobro upoznat s Krležinim teoretskim radovima. Teško je precizno utvrditi imena svih onih Hrvata s kojima je Racin tijekom svog boravka u Hrvatskoj kontaktirao. Njih je očito bilo više, što književnika, što politički organiziranih ljudi, u svakom slučaju svi su oni rado primali u društvo mladog makedonskog književnika. U kratkom Racinovom životopisu period od 1936—1940. godine može se tumačiti kao najplodnije razdoblje njegove spisateljske djelatnosti. To su godine kada Racin aktivno surađuje s nizom progresivno orjentiranih časopisa, Izrazom, Pučkim kalendarom, Kulturom, Radničkom tjedniku ali započinje i s radom na svojoj pjesničkoj zbirci, čije će ga objavljivanje ponovno odvesti u Hrvatsku. U međuvremenu zagrebački časopis »Književnik« prvi je objavio njegovu pjesmu Do eden rabotnik na materinjem jeziku, što je predstavljalo hrabar čin redakcije, koja je pjesmu objavila s podnaslovom Iz makedonske lirike. Pjesma je pobudila zavidan interes, pa ju je objavio i Zbornik hrvatske progresivne emigracije — Hrvatski radnički kalendar iz Toronta u Kanadi. Racinu je ovo radničko glasilo objavilo još jednu pjesmu — Smrt asturijskog rudara, koja je u studenom 1938. godine objavljena i u zagrebačkom »Radniku«. Zagrebački su časopisi bili dosta skloni objavljivati Racinove pjesme, ali i prozu. Jednim skromnim i možda nepotpunim pregledom to bi išlo ovim slijedom: Glas omladine objavljuje mu 1936. godine pjesme Sečač i Pamučna vlačarnica, Kultura novele Podne i Jedan život, Pučki kalendar pjesmu Pejsaž (nadnaslov Makedonska pjesma) Radnik pjesmu Smrt asturijskog rudara.*

*Boravak u Hrvatskoj tijekom 1939. godine vrlo je važan za Racina, ali i za cijeli makedonski narod. Uspjehu tog izuzetnog kulturnog i književnog čina u mnogome su kumovali Hrvati. Premda se Racin uputio u Hrvatsku s ciljem da tiska svoju zbirku makedonskih pjesama, on je te godine bio vrlo aktivan u radu Kulturno-prosvjetnog društva Vardar, kojeg su osnovali makedonski studenti na zagrebačkom sveučilištu, kojih je 1936. godine bilo 117. Iz tog razdoblja datira i čuvena Racinova polemika sa velikosrpskim povjesničarom N. Vulićem, kojeg je Racin napao vrlo argumentirano, osporavajući njegove teze da je Makedonija Južna Srbija i da ne postoji makedonski jezik. Racin je jasno dao Vuliću do znanja slijedeće: »Оваа земја се викала Македонија. Не е турска. Не е ни бугарска, нити пак српска. Не е ни богумилска туку оваа земја е македонска, а није сме Македонци.« Ipak, glavni Racinov zadatak te godine bio je tiskanje zbirke Bijela praskozorja. Veliku pomoć dobio je od hrvatskih antifašista, lijevo orjentiranih intelektualaca studenata i običnih građana glavnog grada Hrvatske. U vrijeme relativno opasnog življenja u Zagrebu, jer ga je tražila srpska policija, Racin se upoznao s nekoliko hrvatskih književnika i kulturnih djelatnika. Tada se upoznao s Jurom Kaštelanom, mladim pjesnikom, koji je u svojim sjećanjima opisao taj susret kao dodir s nepoznatim svijetom, njegovim pjesmama, folklorom, suncem, siromaštvom i željom za slobodom. Prema Kaštelanovom sjećanju šetali su po Gornjem gradu, oko žičare i Strossmayerova šetališta. Racin ga je na odlasku pozdravio riječima: »Doviđenja u sretnijim danima. »Nekoliko godina kasnije, Racin je poginuo. Kaštelan je o tome napisao:« Racin je poginuo, borac Racin da, ali Racin pjesnik nikada, jer pjesnici nikada ne umiru.« Iste godine Racin se upoznao i s Dragom Ivaniševićem. Bilo je to jednog jesenjeg dana, kod kaveza s vjevericama, koje su šetači hranili šećerom. Za Racina, naviknutog na neimaštinu i oskudicu bilo je to razbacivanje, jer kod njega u Velesu ni djeca nisu znala za okus šećera. Uspostavili su vrlo srdačan dijalog, koji je potrajao do kasno navečer. Razgovarali su o teroru Srba nad Makedoncima o odnosu velikosrpske buržoazije prema Hrvatima i Makedoncima i drugim temama. Od tog susreta Racin se često sastajao s Ivaniševićem. Obično bi se sastajali na uglu Frankopanske i Varšavske ulice, odakle bi započinjale njihove duge šetnje i razgovori.*

*Posveta na zbirci Bijelih mugra posvećena Pavleka Miškini: »Hrvatskom seljačkom književniku i borcu za čovječja prava — Miškini — s bratskim pozdravom K. Racin«, upućuje na prijateljstvo Racina i Miškine, što ne bi bilo nimalo čudno. Miškinina literatura, pogotovo njegova knjiga Za svojom zvijezdom, morali su Racinu biti poznati i poticajni za upoznati »hrvatskog Maksima Gorkog«. Obzirom da se Racin kretao u krugovima ljudi bliskih Galogaži i Mihovilu Pavleka Miškini, ne treba isključiti mogućnost da je upoznao i neke od seljaka pisaca i radnika pisaca poput V. Ivanuše, M. Blaževića, P. Bakule i druge. Postoji mogućnost da je upoznao i Augusta Cesarca, obzirom da je i on bio član uredništva Kulture tijekom 1937/8. godine. No za sve to do danas nema opipljivih dokaza. No zato postoje podaci o njegovom druženju s obitelji Cazi. Stan Cazijevih u radničkom naselju Ljubljanica bio je u to nemirno vrijeme sklonište ljudima od pera, pjesnicima novinarima i književnicima. Cazi je bio taj koji je organizirao Racinov boravak u Hrvatskoj i brinuo za njegovu osobnu sigurnost tijekom rada na tiskanju Bijelih mugra u Samoboru.*

*Racin je duhovno bio povezan i s Krležom. Kažemo duhovno, jer se mladi Makedonac tih godina nije osobno upoznao s Krležom, premda je ovaj znatno utjecao na njega. Skloni smo u potpunosti prihvatiti tezu da je Krleža Baladama Petrice Kerempuha, napisanima na kajkavskom dijalektu, oplemenjenom elementima čakavštine i štokavštine, dao Racinu toliko željeni dokaz da se analogno Krležinoj kajkavštini mogu i makedonski govori koristiti kao jezik umjetničkog komuniciranja. Rezultat toga su »Bijeli mugri«, zbirka poezije koja će svjetlo dana ugledati u Samoboru. Racin je u međuvremenu uspostavio željeni kontakt s Dragutinom Špulerom i prof. Juranićem, koji su mu omogućili da se zbirka i tiska. Iste godine izašlo je u Hrvatskoj iz tiska još nekoliko zbirki socijalno angažiranih pjesnika pobune i protesta (Ljubić, Franičević, Vučetić, Jušić, Begović) no nijedna od njih nije pobudila toliku pažnju recenzenata i kritičara skoro svih ondašnjih jugoslavenskih glasila. Prije nego li je napustio Zagreb i Hrvatsku, Racin je našao vremena da potraži dobre prijatelje i s njima podijeli svoje veliko zadovoljstvo zbog izlaska zbirke iz tiska. Posebno raznježen viješću da je zbirka tiskana bio je Drago Ivanišević. Racin mu je prigodom darivanja zbirke pročitao na glas pjesmu Denovi, koja je svojom muzikalnošću i sjetom odmah osvojila hrvatskog pjesnika. Zbirke je Racin poklonio brojnim hrvatskim prijateljima, za sada znamo za neke (J. Cazi, P. Miškina, Ivanišević, Špuler, Juranić) no njih je očito mnogo više. Jedno detaljnije ispitivanje vjerojatno bi povećalo broj vlasnika poklonjenih zbirki, koje je Racin od srca poklanjao svim onim prijateljima u Zagrebu i Samoboru s kojima je vrlo intenzivno proživljavao svoje zagrebačke dane u iščekivanju tiskanja svog životnog djela. Godinu dana nakon objavljivanja zbirke, Racin se po posljednji put oglasio u jednom zagrebačkom časopisu.*

*U Radničkom tjedniku 25. 10. 1940. godine u broju 23. objavljen je Racinov izuzetan teorijsko-programatski članak (esej) s naslovom Razvitak i značaj jedne naše nove književnosti. Interesantno da su dva njegova najkvalitetnija djela, zbirka Bijela praskozorja i ovaj programatski esej objavljeni po prvi put u Hrvatskoj. Njima je Racin uspio povezati i stopiti u jedno teoriju i praksu, jer njegove postulate teorijske prirode u potpunosti s umjetničkog i jezičnog aspekta gledano potvrđuje zbirka Bijela praskozorja. Premda ove rečenice izlaze izvan zadane teme, koja omeđuje Racinov boravak u Hrvatskoj u vremenu između dva rata, a u cilju što potpunije informacije kažimo i ovo. Racinova zbirka doživjela je u Hrvatskoj od 1939. godine do danas još samo dva izdanja, drugo u prijevodu Petra Kepeskog 1963. godine i treće, ustvari reprint izdanja iz 1939. godine 1976. Sa žalošću konstatiramo da je u nas Hrvata Racin adekvatno predstavljen samo u izdanju Male knjižnice Matice hrvatske 1963. godine u izboru i prijevodu Petra Kepeskog. Pjesnik Makedonac, koji je svoje najbolje teoretske i pjesničke tekstove i stihove po prvi put objavio u Hrvatskoj zaslužuje bolje.*

*D-r Goran Kalogjera*

**ОД НАШЕТО КУЛТУРНО БОГАТСТВО**

## ГАЛИЧКА СВАДБА

Галичник се наоѓа во западниот дел на Македонија, а се простира на самата планина Бистра, на надморска височина од 1395 метри. Опкружен е со високите планини Крчин и Стогово.

Галичник прв пат е спомнат од Јордан Хаџи Константинов – Џинот и тоа кон средината на XIX век.

Во текот на времето, Галичник станува поголема селска населба од збиен тип, најголемо словенско село, од централен тип.

Во 1940 година, бројот на населението во Галичник изнесувал 5000 жители и бил најголемо село во овој дел од Македонија и претставувал важен стопански центар.

Симбол на Галичник е »Галичката свадба«. Таа се разликува од сите други свадби како по многу богатите обичаи, свадбарските песни така и по траењето. »Свадбата« трае цела недела. токму затоа, со богатиот фолклор и мошне занимливите обичаи, »Галичката свадба« е позната низ целиот свет. Денес, на Петровден, во Галичник може да се забележат неколку илјади посетители, од кои стотина странски, филмски и телевизиски снимателн, фоторепортери, новинари, кои доаѓаат специјално да ја видат »Галичката свадба«.

□ □ □

Свадбата почнува пет дена, пред Петровден на 8 јули. Тој ден се собира папрат и јаворово дрво и од тоа се прави колиба за тапанџите кои доѓаат од Дебар.

Утрото, на вториот ден од свадбата, најблиските роднини на момчето, заминуваат на бачило за да земат најдобри јагниња и овни за свадбата. На овој ден, најмладата снаа од куќата на младоженецот, заедно со две машки деца, со »карта« накитена со цвеќе, оди низ селото да ги покани роднините и пријателите на свадба. Вечерта, кај младоженецот, се одржува момчешка вечер. Се месат сарајлии, се пее се до рано наутро. Утрото, на самиот ден на свадбата, во куќата на момчето, се собираат млади ергени и невести, за да присуствуваат на обичајот – »замесување на сваката«. Лебот го замесува некоја девојка на која и се живи родителите »татково–мајкино«.

Попладнето спроти Петровден, од спротивната страна на селото, на местото наречено »Ѓурѓево брдо« свирачите, со специјална музика, го најавуваат своето доаѓање.

Свирачите ги дочекува свекрвата која излегува пред куќата со сито на глава, во кое е ставем специјален леб, месен за оваа прилика. Лебот значи благодет за невестата – да биде цел живот во куќата на мажот. Вечерта, сватовите од куќата на момчето, одат кај девојката со борина в рака за да ја одведат на вода. За оваа прилика тапанџите ја свират специјалната мелодија: »Тргни мома за вода« и »Езгија« со која се огласува овој обичај. Тоа се прави, за да слушнат пријателите и гостите од селото – кој сака да дојде на оваа свеченост. Поворката стигнува пред куќата на свршеницата, со две стомни во рацете, ја водат на три чешми да наполни вода и од сите три да се напие. На враќање, пред куќата на невестата, младите играат оро околу огнот. Тоа е симбол и желба во огнот да изгорат сите нејзини девојчински гревови. Девојката, со водата што ја наполнила од трите чешми, се капи, со што се симболизира зацврстувањето на бракот и плодноста. Таа вечер веселбата продолжува во куќата на момчето. Се пее лебот наречен »сваќа«. Оној што ќе го најде сребреното париче во лебот, велат дека прв ќе се ожени. Околу полноќ почнува обичајот »редење на бајракот«. Бајракот го реди зетот. Крстот-врвот на бајракот, се кити со разни цвекиња: трендафил, невен, копидан и друго.

Бајракот се става »на перде«, од десната страна на куќата. Утрото, на Петровден, зетот со најблиските роднини, оди на гробишта »да ги покани мртвите на веселба«. Младоженецот оди да побара »извин-дозвола за женење«

и да ги покани на свадба. Во подалечното минато зетовите не се бричеле воопшто, се до венчавањето. Меѓутоа, последново столетие, пред да тргне свадбената поворка по невестата, зетот се бричи. Го бричи старосватот. Машко и женско дете држат риза во која се става косата што је бричат. Во ризата се става стара пара и коренче од билка. Се ова се прави со цел да се посака среќа и »убавина« во бракот, да им се раѓјаат машки и женски деца. По бричењето, момчето се мие со вино, до три пати, обично го мие стариот побратим.

### ТРГНУВАЊЕ »НА СТРОЈ ПО НЕВЕСТА«

Пред куќата на младоженецот се собираат сите роднини и пријатели и се формира свадбената поворка која треба да ртгне по невестата. Бајрактарот е на чело на коњаницата, а зад него побратимите со младоженецот. Свекорот, во торбата ја носи »сваќата« – свадбената погача, која ке ја менува кај светоштините, а свекрвата пак ја носи торбата со разни дарови со кои ке ја дарува невестата. Даровите се: чешел, мирис, огледало, прстен, дулак и др. Во торбата има и благи работи: суво грозје, леблебии и друго.

Кога свадбената поворка ќе се доближи до куќата на невестата »мушчулџијата« – аберџијата се одделува. Оди да јави дека стројниците доаѓаат по невестата. Обично »мушчулџијата« е најстариот побратим. Тој го менува виното, во торбата му ставаат еден леб и пилешко месо. Откако ќе ги изврши обичаите, се враќа кај другите побратими. На младоженецот му дава да се напие од сменетото вино, и притоа го известува дека »патот е чист« може да се појде по невестата. Зетот доаѓа пред куќата на невестата со коњ, но не слегнува. Од коњ ги послужува со вино сите најблиски роднини на невестата и им бакнува рака. Невестата од скришно место, преку прстен, го гледа своето момче. Младеженецот заедно со својот побратим, заминува во својата куќа, каде што ќе ја чека невестата. Побратимот го зема коњот од зетот и се враќа назад кај куќата од невестата. За да »ја поведе« невестата, стариот побратим треба да даде повеќе пари на жените што ја облекувале. Невестата ја поведува братот од едната страна и побратимот од другата страна.

Невестата, во моминско руво, излегува и се поздравува прво со свекорот, свекрвата и другите, при што сите ја даруваат со пари. Свекорот и дава голем златен дукат, а свекрвата помало златно париче. При качувањето на коњ некој од блиската роднина, со килим ја покриваат невестата од погледите на лугјето. Кога тргнува, невестата трипат, се поклонува на куќата. Свадбената поворка и овојпат ја предводи бајрактарот. По него се носат ковчезите со невестинската спрема, на кои е седнато мошко дете за да ги чува и да и се раѓјаат машки деца. Невеста та ја водат братот и стариот побратим, придржувајќи ја од страна на коњот, да не падне. Ако падне, постои верување дека некој од младенците ќе умре. На крајот од поворката одат свирачите.

До половина пат, додека не се дојде до сред село, невестата плаче. Тука таа се простува од своите најблиски роднини. Откако невестата ќе се поздрави со своите роднини, тие се враќаат назад, а коњот со невестата го поведува свекорот. Пред куката на младоженецот невестата ја пречекува свекрвата, со сито и погача на глава, а во десната рака со бокал вино. Ситото е обвиткано со црвен конец, со едно нанижано париче. Свекрвата се врти трипати околу коњот со невестата. Потоа, со лебот ја удира невестата и вели: »Жити леб, да ме слушаш«. Невестата ја поведуваат со узда, а на главната и ја ставаат капата од момчето за да го слуша, да му биде верна во заедничкиот живот. Прагот го минува со десна нога, но притоа се прави дека не сака да влезе. Стариот побратим и побратимицата и го ставаат венецот на глава и ја водат кон огништето и со синџир ја удираат по глава. Со ова, ја венчаваат за куќата, да биде вечна и да остари колку што е стар оџакот. Старата побратимица ја води невестата во клет, (мала собичка) го вади дулакот и и дава свилено марамче – »гувеарче«, со него да се страми, да гувее.



По некое време во клетот влегува момчето со полна уста вино ја прска невестата по лице, да му биде убава, бела, црвена како што е виното. Тогаш свекрвата ја дарува невестата со низалка, ја заранува со леб и шекер, изџвакани во нејзината уста, за да и биде невестата блага, како шекерот. Тој адет се прави да се милуваат двете и да си имаат убав поминок. Вечерта, во дворот од куќата на момчето, младите се веселат, а младите невести и девојки од куќата, легнуваат да спијат. Утредента сите заедно одат в црква за да ги венчаат младите. Тие застануваат пред олтарот. Зад нив е кумот кој држи две запалени свеки, потоа излегува пред нив, им ги заменува прстените, а попот им ги менува круните на главите. Оваа церемонија трае околу два часа.

Попладнето доаѓаат роднините на невестата, на видување. Вечерта ги затвораат младенците и ги оставаат сами во кледот. Невестата ја става на глава капата од момчето »за да ја носи на чело« – да ја почитува. Побрзува да му ги земе чевлите, за да »командува« таа. Постои верување дека мажот кој ќе дозволи жената да му ги земе чевлите во првата брачна ноќ, цел живот ќе биде »папучар«. Утредента, младоженците стануваат во четири часот, невестата ја водат на чешма каде на сите роднини и гости им истура вода за да се измијат, а потоа им ги предава даровите на најблиските роднини на момчето.

Попладнето доаѓаат »поклонарите« кои ги носат своите дарови за невестата и притоа ја даруваат со пари.

Утредента, тапанџиите, со свирење на посебна »езгија« ја напуштаат куката на младоженецот и притоа ја даруваат невестата. Ова е само дел од богатите свадбени обичаи кои се одржувале во Галичник, за време на прочуената »Галичка свадба«.

□ □ □

Со цел да не се заборават овие мошне интересни и занимливи обичаи, Одборот за обнова и изградба на Галичник, од пред две години, почна да ги обновува обичаите на »Галичката свадба«, за кои владее големо интересирање, не само меѓу галичаните но и во целата наша земја и во странство.

САЊА СТОШИЌ
Филозофски факултет Загреб
апсолвент по етнологија

**Анте Поповски:**

# ИСТОРИЈА БЕЗ ГЕОГРАФИЈА*



Точноста што ја даваат повеќето стари географски карти, напати, е мошне релативна, скромна. Тоа е сосем пригодно доколку се има предвид методологијата што била применувана при нивната подготовка и обемот на знаењата што бил интерпретиран. Само да потсетиме дека тоа најчесто биле релативни податоци што ги давале или ги оставиле бројни мисионери, трговци, патописци... Од приложените карти со сигурност може да се констатира дека територијата и границите на Македонија отсекогаш биле мошне прецизно дефинирани – од античко време сè до денес, што не со другите балкански земји. Овој факт е од исклучително значење, зашто индиректно ја потврдува Македонија како античка и библиска земја.

Од посебно значење се приложените етнички карти на кои убаво се распознава дека Македонците се прикажани како посебен народ, изделен и од Бугарите и од Србите и од Грците, и од сите други народи на Балканот. Приложените етнички карти во овој труд, на научниот свет му предочуваат непорекливи историски и научни факти за посебноста на македонскиот народ, кој се разликува од своите соседи, не само според територијата која му припаѓала и му припаѓа – туку и според јазикот, фолклорот, традициите, и според сè друго што е од поголемо значење во етничката диференцијација.

## ЗБОР-ДВА ЗА МАКЕДОНСКАТА ЗЕМЈА

Една замислена линија која би минувала од Медовскиот Залив на Јадранското Море и би се движела преку Албанските Планини, Шар Планина и Стара Планина, сè до Црното Море, би го поделила Балканскиот Полуостров на северен (подунавски) и јужен (средоземноморски) дел. Македонија се наоѓа во неговиот средоземноморски дел, а тој факт го определува и го појаснува нејзиниот историски, политички и културен развој низ вековите.

Балканот е дел на Југоисточна Европа, заграден со Црно и Мраморно Море на исток, со Егејско и Јонско Море на југ, со Јадранско Море на запад. На север границите се мошне релативни: Дунав и Сава се општо прифатени како можни граници.

Името на Балканскиот Полуостров е релативно младо: одвај пред два века овој исклучително значаен военостратешки регион е именуван како Балкан, според Стара Планина (која претставува дел од планинскиот масив Балкан). Македонија, во своите етничко-историски граници, во вкупната територија на Балканот зазема површина од околу 15%.

---

Од книгата »Македонија на старите мапи«

Скопје – 1992 – Детска радост

## КОИ ГРАНИЦИ ЈА ЗАГРАДУВААТ МАКЕДОНСКАТА ЗЕМЈА

На исток таа граница започнува од утоката на Места, се движи по нејзината клисура и по најзападните делови на Родопите; северната граница ја сече Стума над Горна Џумаја, се движи по билото на Осоговските Планини и Скопска Црна Гора, го пресекува Лепенец кај Качаник и се искачува по Шар Планина. Оттука западната граница оди преку планината Кораб до реката Црни Дрим и по вододелницата се движи меѓу Охридското и Преспанското Езеро од една страна, и Корчанската Котлина од друга страна. Јужната граница тече по Грамос и Пинд, по текот на Бистрица сè до Солунскиот Залив.

Во споменативе географски граници Македонија опфаќа 67 741,2 квадратни километри. По катастрофалниот пораз на Бугарија во Втората балканска војна, во почетокот на август 1913 година, во Букурешт биле поведени преговори за разграничување меѓу Србија, Грција, Бугарија и Турција, односно за окупација на Македонија од страна на Бугарија, Србија и Грција. Македонија била политички, национално и економски раздробена и поделена. Наспроти бројните апели на македонските организации во Русија, во Америка и низ цела Европа за создавање на целосна, слободна и независна македонска држава, окупаторите, сами меѓу себе, без согласност на македонскиот народ, го потпишале Букурешкиот договор. Така, овој договор, и до денешен ден егзистира како правно нелегитимен, зашто е потпишан надвор од волјата и согласнота на македонскиот народ. На тој начин Македонија била поделена, при што Егејска Македонија била окупирана од Грција (повеќе од половината од вкупната територија на Македонија, околу 34 000 квадратни километри е под Грција), на Србија и припаднал делот на Вардарска Македонија со вкупна територија од 25 775 квадратни километри и 6 798 квадратни километри е окупирано од Бугарија.

Природно: јас во натамошниот текст ги апстрахирам овие политички граници и говорам за Македонија како географска, етничка и историска целина. Се определувам, значи, за насловот: »Историја – без географија«.

Зошто »Историја – без географија«?

## ЗБОР-ДВА ЗА ИМЕТО НА МАКЕДОНИЈА

Името на човекот и на земјата не е нешто секојдневно. Сета духовна и друга автономност на битието е содржана во името. Еме Сезер би рекол: камената епоха не распознава имиња. Според Книгата на создавањето, Господ бог увидел дека не е добро човекот да остане сам, па затоа ги создал и добитокот и животните и птиците и сите други нешта. Откако ги создал му ги предочил на човекот да ги именува. И тој ги именувал. Именувајќи ги – човекот се здобил и со сила над нив.

Сите архетипи, сета суштина на автономноста, сè знајно и незнајно, дојдено и уште недојдено – е содржано во името. Во името е содржана сета можна историја. Името – гранче чесно дрво...

Што значи и од каде името Македонија?

Митските извори говорат дека Прометеј на својот прв син му го ставил името Девкалион. Тој, заедно со жена си Пира, имал многу деца. Обработувајќи го овој мотив, античкиот хеленски поет Хесиод, во осми – седми век пред Христа, автор на првиот рурален еп во хеленската литература »Дела и денови«, ќе рече:

А таа, ќерката на Девкалион
од Зевс, молнољубец,
роди синови два:
Магнет и Македон – коњаник, воин...
Втората ќерка на Девкалион
родила исто така два сина:
Грејк и Латин...

Доколку поетските метафори воопшто одразуваат некакви историски вистини, тогаш Грците и Римјаните би биле браќа, а Магнет и Македон би биле само нивни братучеди...

Константин Порфирогенит, византински император (913–953) и значаен историчар и писател, напишал повеќе дела во кои има податоци за историјата на Јужните Словени. Во неговото дело »За темите«, тој, ме;гу другото, ќе забележи: »Земјата Македонија е наречена според Македон, синот на Зевс и Тија, ќерка на Девкалион. Други пак сметаат дека Македонија е именувана според Македон, синот на Еол.«

Драган Ташковски дошол до сознание дека името Македонија означува поим на висока земја: надоаѓајќи од Егејското Море кон север, конфигурацијата на македонската земја од рамнина се преобразува во високи врвови. Драган Ташковски не дава натамошни појаснувања.

Наспроти митолошките извори, компетентни научни работнци од областа на античката историја, се занимавале и со ова прашање: Од каде и што значи името Македонија. Познатиот професор Џ. Р. Елис, автор на големата студија »Македонскиот империјализам« (делото е преведено и на македонски јазик во издание на »Мисла«), тврди дека античките Македонци уште пред да се населат на нивната идна татковина си го имале своето име Македонци. Тоа значи дека своето етничко име и го дале и на земјата на која подоцна живееле.

И познатиот грчки археолог Фотис Пецас има мислење кое е идентично со мислењето на Елис: »Македонија им го зеде името на Македонците«, вели тој. Така, името Македонци, најпрво било етничко, а потоа станало и географско-историски поим: Македонија. Таткото на древната историја,Херодот, забележува дека сè до околу 700 година пред Христа, Македонците живееле на источните падини на Вермион и дека полето оттука, открај Бистрица кон морето, не се викало Македонија. Според Тукидит, Македонците прво се прошириле на исток до Вардар, а Филип Втори Македонија ја проширил сè до утоката на реката Места.

Така, оваа дотогаш анонимна територија се здобила со едно од најгордите, најголемите, најхрабрите но и најстрадалнички имиња низ историјата – Македонија! Име – позајмено од еден од најзаслужните народи кои својата судбина ја идентификувале со почвата на која се раѓале и умирале. Тој народ опстојувал со назначено етничко чувство низ вековите: и во епохата на неговите свездени мигови, кога своето кралство со силата на сопствената крв и со меч го проширил сè до Индија и Северна Африка, но и во миговите кога таа огромна империја била сведена на зависна римска провинција и тема. Така, професор Димитриос Канцулис ќе заклучи дека: »Античките Македонци имале силно назначено етничко чувство.« Дека тоа било така ќе ни потврдат и плочите откриени во археолошките истражувања кај Лекопетра, во близината на Серез. На една надгробна плоча е врежано: »Јас, Десни Комин, и подарив на мајката на боговите дете по име Калокерон, на возраст од 12 години, родум – Македонец!« Овој запис третира настан од 253 година по Христа кога веќе е засенчен некогашниот блесок на македонското кралство. Значи: покрај личното име се додава и етничката припадност, а во многу други случаи и името на градот: Македонец од Ереј, Македонец од Воден, Македонец од Орестида. Дека нивното чувство навистина било многу назначено говори и слединов факт: во третиот век по Христа, кога Македонија претставувала римска провинција, Македонците барале водачите на нивните комуни да не се викаат архиеревски туку Македонијархиси...

Така, античките Македонци, сè до нивното претопување во друг етнос, низ целиот трет век по Христа, не се одлепувале ниту од своето име ниту од името на својата славна македонска татковина. Веднаш потоа почначла и словенската колонизација на Македонија. Тоа значи: бил остварен чин на импозантна историска средба на две етнии: македонската античка етнија, која вкрстувајќи се со словенската – исчезнувала од историјата како самобитна и автогена, и етнија која ги наследи не само нејзините огништа и слава, туку по еден неодминлив и непореклив природен закон ги наследи во многу нешта и крвта и поривот и заветот на античките Македонци. Таа средба, значи, и натаму останува како еден од најзначајните датуми во големиот пролом на вековите на Балканот. Словените кои заседнаа тука и античките Македонци кои низ историски луњи и крв им ја отстапија својата почва – остварија голема епска средба, која низ историјата подложува да се именува како Македонија. Тоа е колосален факт, зашто петстава одлична надградба и синтеза на две автентични и богати духовни автономии кои потоа, со многу нешта, ќе ја задолжат и модерната историја.

Печатот, духовен и историски што е втиснат и е содржан во името, ниту случајно се создава, ниту пак исчезнува едноставно и брзо. Името е најсигурниот штит врз кој е втиснат знакот на сета историска драма на предците: сите горчини и мрак, но и сега свечаност на неопходниот пораз. Ниедна победа не е духовен излез – доколку не е победа на сите!

Збор-два за археолошката историја на македонската земја: Македонија уште од најраните етапи на праисторијата била предодредена да игра улога на мост кој ги поврзува егејско-анадолската културна зона со другите делови на Балканот и на Европа. Наодите во ископините кај Вршник, Таринци, Штипско, говорат дека основна стопанска гранка било земјоделството: најдено е достатно количество пченица кое го потврдува тоа; камени секири со трапезоиден облик – карактеристичен знак за југоисточните влијанија кои во Македонија доаѓале од Тракија и Анадолија.

Откриени се антропоморфни фигури на идоли, монохромни керамични садови и друго. Немирните и опасни времиња во кои живееле луѓето, ги натерале своите камени куќи да ги сидаат меѓу карпи и на тешко пристапни ридови. Некаде околу третиот милениум пред Христа, кога епохата на неолитот преминувала во епоха на бронза, од степите на исток се пробивале толпи сточари – Индоевропејци, кои заседнувале тука и се мешале со староседелците. Овие степски дојденци ваму навлегувале според трагите што ги оставале племињата кои бегале од Македонија и се населувале во пределите на Мала Азија и Блискиот Исток. Тоа било време на големи миграции и големи новинии во материјалната култура: специфичен начин на погребување, семејни гробови под могили... Тоа е време на голема симбиоза на индоевропските дојденци со домородното население.

Околу 1300–1200 година пред Христа, Балканот бил опфатен од нови немири кои се одвивале во големи бранови. Тоа е епоха кога била уништувана древната микенска култура, кога паднала Троја, кога надоаѓаат филистејските племиња во Палестина, кога се појавува керамика во Пелагонија и околу Охрид која одразува сличност со керамиката на Фригијците во Мала Азија. Не случајно: тие биле населени од Македонија во големите егејски преселби, оставајќи видливи траги по целиот пат на нивното повлекување од Македонија па сè до нивната нова татковина Мала Азија. Само да се потсетиме на Гордиевиот јазол и на Александар Македонски кога во градот Гордиј со Фригијците говори на својот македонски јазик!

Со други зборови, барем според досегашните проучувања, македонската праисторија допира до неолитот, кога доаѓа до ширење на земјоделството на Балканот и до масовни движења во обете насоки кои предизвикале драматични преобразби. Тоа е процес на индоевропеизација на Македонија, тоа е оној историски пролом кога на оваа почва се појавуваат и Илирите и Тракијците и Дарданците. Вториот голем миграционен бран – егејските преселби, го одбележува преминот од неолит во железна епоха. Дури потоа дошло до одредена стабилизација на населението во овие краишта.

Тогаш во Македонија сè повеќе се засилувала племенкаста организација, а Македонија навлегувала во историски период од кој се задржал археолошки материјал кој говори за автохтона и стара култура. Тоа е време кога на македонска почва проникнуваат Тракијците, Кимерците, Келтите, Дакијците. Кога сме кај племињата, историската наука како најстари и најавтогени на македонска почва ги третира Фригијците, Едонците, Милдонците, Пајонците и Пелагонците. Се цени дека од јазиците на овие племиња, низ долг процес, бил формиран јазикот на античките Македонци.

Допрва македонската археолошка наука под правта на вековите ќе ги раскопува свеченостите на победите, драмите на поразот... Допрва под таа прав ќе се насетува пробивот на коњаничките племиња од исток, обетките во бројни облици, гривните и фибулите, допрвуа ќе се откопуваат копја и ножови. Допрва ќе се одгатнува ракописот на шлемовите и златните маски, на ѓерданите од стакло и килибар.



## ЗБОР-ДВА ЗА МАКЕДОНИЈА НА СТАРИ МАПИ

Којзнае кога настанал првиот цртеж кој ја претставува земјата... Пред околу три илјади години откриен е цртеж врз глинена плочка во Месопотамија и речиси на истото време се однесува и Мајкопската ваза, Северен Кавказ, за кои се цени дека претставуваат првите географски карти во историјата.

Мапите се неми сведоци. Најчесто ним им недостасуваат описи кои се однесуваат за нештата нанесени врз нив. И колку е постара картата, колку се подалеку настаните од нас – бледнеат и изворите, и појаснувањата. Тоа мораме да го надоместуваме со други помошни дисциплини.

Картата сама по себе е чин на пресоздавање на Земјата. Обид да се имитира прасоздателот, да се препроизведе стварноста во потрајно човеково сознание. Таа е неповторлив човеки документ, зашто го покажува не само степенот на општествениот развој на човештвото, туку говори и за можностите на средината и за постојаните промени кои се случувале во територијалниот распоред на одделни објекти: релјефот, водите, населбите, имињата...

Дуѓето оставиле траги зад себеси за сè она околу нив. Гребеле и сликале по пештерите, врз стеблата, врз карпите. Оставале претежи, скици, ги опишувале своите орудија. Сè се тоа знаци, крстови, сонца... траги завештани од древноста кои треба да претставуваат разиграни луѓе, птици. И секој знак претставувал посебен ориентир и сигнал. Практично тоа се првите географски податоци сè до човековото описменување.

Уште Хомер во »Илијада« и »Одисеја« дава обилни географски податоци за Балканот. Истото го прави и Хесиод. Археолошките истражувања во Месопотамија откриваат картографски цртежи на глинени плочки кои датираат дури од четвртиот милениум пред Христос! Тоа би била, засега, најстарата зачувана карта: река која почнува од два планински венци и која се влева во море. Тигар? Еуфрат? На одломка на друга глинена плочка прикажан е план на градот Нигбур. Пошироки поими со картографска содржина се содржани во многу наоди на Вавилон. Египќаните ја премерувале земјата. Живописот на ѕидот на гробницата на еден фараон ја покажува постапката на тие мерења. Птолемеј, во вториот век по Христос, се користел практично со вакви избори. Египетските жреци, како најучени во цвоето време, располагале со сопствени карти работени на папирус. Во одредени документи, па дури и во Стариот завет, се одредени границите на одделни племиња кои се споменуваат. Феникијците – трговци и поморци, имале огромни познавања за патиштата по кои патувале. Комплетни географски описи запишани се и во старите индиски епови. Да не говориме дека космографијата и географијата во времето на Александар Македонски биле на високо ниво.

Во античките времиња Македонија била во непосреден допир со центрите на древниот културен свет, била меѓу најзначајните земји. Кога почнало цртањето на картите – Македонија била меѓу првите земји која била претставена картографски. И уште мошне прецизно нанесена. Тоа се гледа уште од цртежот на Марин Тирски, од првата половина на вториот век по Христос, а завршен подоцна од александрискиот географ и астроном Клавдиј Птолемеј. Прецизно се нанесени планините кои ја заградуваат Македонија од север, прецизно е нанесена границата на исток до Струма, назначени биле многу села, утоките многу реки, планините меѓу Вардар и Струма, Халкидик со трите полуострови...

Римската власт која тоа време се простирала во Македонија и ширум целиот културен свет, презела мерења во практични цели. Врз карпи и камења биле издлабени карти на Римската Империја. На тие карти со многу подробности била нанесена и Македонија. Не случајно: Македонија не само што претставувала една од најзначајните провинции на Империјата, туку таа си имала и посебно значење во својата стратегија. На тие карти, особено во препис од 12 век именуван како Табула Појтингеријана, римска итинерарна карта од 4 век, Македонија е дадена со многу подробности: планините на север, Виа Егнатија и Виа Милитарис, потоа патиштата Солун–Скопје, Битола–Стоби...

Низ средните векови, во сообразност со општиот застој во културата, има застој и во картографијата. Во тој период како центар на светот е ставан Ерусалим и во најголемиот број случаи автори на овие карти биле монаси. Тука спаѓаат монахот Беатус и неговата елипсоидна карта на која е претставена и Македонија, потоа картата на светот во градот Алби, картата наречена Катонијана, картата од Хајнрих Мајнц, картата на светот која се наоѓа во Оксфорд. На сите нив Македонија е мошне прецизно претставена. Кога сме тука, не е на одмет да е спомене името и на монахот Арсениј од Солунско, чиј запис за Светата земја претставува одличен географски прирачник.

## НАВЕДНАТ БЕЗ ГЕОГРАФСКАТА КАРТА

Картата доаѓа како незаменливо духовно откритие. Таа задоволува огромни подрачја на духот.

Денес се смета дека ликовните интерпретации имаат карактер на писмо. Одразуваат предмети, битија, настани. Нивна основна цел е да предочат некој мотив: лов, сакрални церемонии, сцени од воени походи, фиксираат претстави за луѓе и животни, опишуваат карактер на некоја конфигурација. Најпрво идеографското, пикторално писмо, во сета своја суштина е метафорично. Научниците тврдат дека примитивните народи ја разбирале природата на картата и на свој начин ги интерпретирале посебности што биле фиксирани на

неа. Племињата кои почесто биле во движење и постојано го менувале местото на живеење, најнужните информации ги оставале врз песок, врз пепелта на огништето, врз глина, врз камен, врз кората на стеблата, а како цртачки прибор користеле прачка, јаглен од изгорено дрво, остав камен. Англиските истражувачи на поларните области ги користеле услугите на Ескимите во С. Америка кои им правеле цртежи преку кои бил поиман просторот. Тие се воодушевувале од прецизноста на подароците кои биле содржани во цртежите на жителите на Лабрадор. Во ориентацијата низ просторот, руските научници во Сибир долго време се користеле со цртежите на Јакутите и Евенките. Островјаните на Тихиот Океан правеле цртежи на целиот архипелаг на Маршалските Острови. Еден неук работник од Мислешево, Струшко, во 1989 година, на пат за Австралија, ни појаснуваше дека секое племе на Маршалските Острови и ден денес на левата дланка тетовира облик на остров и според тој цртеж тоа докажува дека живее таму.

На која и да е ликовна интерпретација на просторот и претходи ликовно проучување на структурата на тој простор. Целта на картата не е само да ги цоопштува фактите и деталите, туку и да ги поврзува во мисловни поими. Картата е слика на просторот во одреден и предвиден размер. Селективна е. На неа се изостанати многу нешта: гласовите на пример. Таа е симболистички цртеж. Затоа таа постапно станувала човек, или во најмала рака – придружник на човекот од оној час откога тој почнал да го поима просторот околу себе и станал способен ликовно да се искажува. Сѐ до ден денешен суштински не е изменет принципот на условеното означување на географските карти. Од најдалечните времиња до денес – нештата како да траат видоизменети во незабележливи мерки...

Затоа велиме: географската карта е скратена биографија на Земјата. На неа се прераскажани само оние детали за кои човекот цени дека можат да му бидат од припомош и од значење. На некои од нив ќе бидат позастапени, да претпоставиме, реките или богомолните, карпите или мостовите... На други ќе ги нема. Географските карти се скратени судбини на животот. Доколку цмее така да се рече, тие се рационални илузии на просторот во кој се одвивале безброј настани, но кои останале небидливи за нас.

Така, стоејќи загледан над картите кои ја претставуваат Македонија, денес, на човека нема да му биде тешко да ги открие катастрофалните последици од ампутацијата на нејзиното тело. Едновремено, тој човек, изучувајќи го јазикот на распарчувањето и противприродноста на тој факт, знаејќи дека нештата се создадени за да бидат цели и во нивната природна севкупност, ете, тој човек, сѐ повеќе ќе живее со надеж дека еднаш нештата сами од себе ќе се здружат, дека еднаш самата природа ќе стане за да си го врати она што човекот насилно и го одзел. Едноставно, човекот се идентификува со правото на природата и со нејзината скриена сила за обединување: зар не сте забележале како пламенот ги довикува на заедничка смрт и најоддалечените прачки ставени во огништето? Зар не сте забележале во колкави јата птиците им се враќаат на своите гнезда? Зар не сте забележале во колкави глутници се собира дивечот сред оние студови и ветришта зиме за да им се противставаат заеднички на опасностите кои ги демнат?

Стоејќи загледан над картата на Македонија, човек, исто така не може да се ослободи од чувството дека поинаку и не можел да изгледа нејзиниот простор: отворен за сите движења од југ кон север: карпите, планинските камењари – немаат право на самообнова. Тоа право му припаѓа само – на морето. Од аспект на планинските венци кои ја заградуваат Македонија – таа е затворена земја. Создадена е за потајни пештери и молитви на монасите. Право на самообнова има само македонскиот југ, има морето. Сето тоа е пресоздадено во духовни движења, во немирни и високи бранови кои надоаѓале од исток и преку природниот и величествен мост на Македонија се префрлале кои европскиот запад: античката уметност, христијанството, богомилството – темелните духовни иницијативи на европската преобразба. Без нив Европа би останала и натаму анонимен духовен север, студена територија на заборавот и на меѓусебни пресметки. Стоејќи, значи, наведнат над картата на Македонија, човек и не сакајќи се загледува во длабоките духовни корени на македонската земја, ги преповторува посланијата на апостолите и ја гледа неа како судбински портал низ кој се преобразува Европа. Географијата, чиниш, станува постварна од – историјата. И точно во тој факт треба да се бараат длабоките корени на антиисторискиот порив за ампутирање на Македонија. Без неа, без Македонија, Европа би била клаустрофобичен континент на минијатурни кралства кој би се тресел во маглите на студените балтички ветрови.



Идејата на морето е централната емоционална нишка на Македонецот. Уште од времето кога античките Македонци се симнувале од источните падини на Вермион и по текот на Бистрица стигнувале до брегот на Егеј... Македонските словенски племиња со векови стоеле пред искушението на морето. Езерата на македонската, земја, можеби, се некој далечен атавистички надомест за Големите Води. Идејата на морето, со други зборови ја фирмира романтичната нишка на човекот вкоренет во овој предел: трагичните еврејски миграции низ Европа, во значаен обем, се одвивале преку Македонија; циганските тајфи, лудо распеани и со месечини во рацете, пред многу векови прво ја населиле Македонија и оттука цела југоисточна Европа; и крстоносните походи на фридрих Барбароса, доколку опожариле земја и доколку го окрвавиле својот меч – тие тоа го направиле тука, во Македонија, оставајќи зад себе само пеплишта и траги за своите походи низ топонимите на Македонија. Не случајно македонската земја е света земја, библиска земја: апостолите на христијанството своите посланија ги праќаат точно од македонската земја.

Самиот процес на христијанството од Палестина меѓу европските земји прво се префрла оттука. Скокот од историјата во иднината – Европа го започнуваше тука. Да не зборуваме за богомилството, да не зборуваме за Фактот дека јазикот на македонските Словени од Суха, Солунско, стана четврти официјален јазик на кој се ширело христијанството низ Европа: заедно со еврејскиот, грчкиот и латинскиот.

Стоејќи загледан над географските карти на Македонија, човек и не сакајќи се загледува во нејзиното небо: на човекот под ова небо на дофат му се ѕвездите -јадри и полни надеж. Никојпат тоа небо не е замаглено и мрачно и постојано понудува излез. Географијата на Македонија има своја целосна идентификација во човекот: огромниот простор на Пелагонија, нејзината распеаност и ширина се населиле во човекот во сите негови духовни координати: слободен, независен, бесконечно човечен, трудољубив. Суровоста на карпите, немаштијата – предодредени за осаменички горд живот:

стотиците манастири и цркви се израз на духовното богатство на овој предел, наталожени низ вековите во сите можни облици: од песната и везот – до говорот и метафорите во кои се обликува тој живот. Погледајте го сувото, црното, тврдото лице и погледот на македонските рибари, па сами одгатнете ги имињата на ветровите кои ги мибаат на отворената езерска шир... Чиниш: колку пределот на кој живее е посиромашен и посуров – толку поблагороден и понеспокоен е погледот на човекот: затворен во себеси, интровертен, нем. Таквите луѓе разговараат само со себеси и со сопствените морални судови. Цврсто вкоренети во почвата која ја напуштаат само во мигови кога ножот е зариен до коска и кога на својот врв го поставува прашањето: живот или смрт... Осаменоста тука одлично се поднесува. Светлината – јужна, е сета во широка гама на окер, која го прави окото пробивно, видот изострен, умот – проиклив и сигурен. Човек стои сам и постојано размислува: зар во историјата некогаш конечно нешто е затворено?

Доколку целта на географската карта не е само да предочува факти и детали туку и да ги поврзува нив во мисловни целини, доколку веќе знаеме колку селективна мора да биде таа за да може, на исклучително мал простор, преку ликовни симболи, да ни предочи централни информации, тогаш природно илузијата на интерпретаторот – е втората и неодминлива составка на секое поимање. Упростените и стереотипни ликовни симболи можат да ги интерпретираат планинските врвови, но не и луњите по врвовите, не заканувачкиот и застрашувачки рев на глутниците волци, не потајните пештери на пустиножителите. Со други зборови: доколку картата е каква-таква интерпретација на просторот, таа само низ метаидеи ги доловува времето и човекот во кој тоа време се пресоздава. Би рекол: картата – скратена биографија на Земјата и на сè што е на неа. Не постојат послоевити состојби од Македонија. Човекот во неа ги поживува сите периоди на живот во ист миг. Видното поле на надежта – постојано го сечат црни молњи.

Велиме: ништо не значи ниедна географија без човекот. Човекот е тој што ги распознава и ветрот и ѕвездите и црквите и правта врз трагите на Фригијците, Готите, Келтите... Човекот го распознавал жестокиот и окрвавен сјај на мечовите на крстоносците, на ветровите од планините – квечерина кога носат мириси на борови и гласови на – богови... И доколку ништо не значи ниедна географија без човекот едно е сигурно: географијата на Македонија, точно поради проникнувањето и одентификувањето на човекот со земјата, се преобразува во нешто свето и во – историски крстопат на вековите.

Да се стои над географската карта на Македонија и да се гледа човекот – себеси и својата нација однатре... високо над невидливите покриви – оргомна месечина. Под неа – детството. Како да ги разбудиш оние што веќе ги нема? Како да се разговара со нив?

Да се стои над географската карта на Македонија – значи да се гледаат својата земја и нејзиниот север постапно како се симнуваат кон морето, кон духовните извори на прогресот. Да се стои над географската карта на Македонија – значи да се насетува гревот на историјата која допуштила знамињата на сите да се веат точно тука... Времето и просторот на војните, границите и разделените, можеби, е час кога да се обединат во име на нешто свето, кога веќе и таа земја е библиска и – света.

Малиот човек е секогаш универзален. Малата земја – голема и света: точно, изгазените патеки на сонувачите по небото – не водат никаде. Ние сè уште сме земски луѓе. Си помислувам: Македонија без војни – вкус на ѕвезди меѓу забите...



*SCOPIA op de Revier de Veratazar*

Гравура на Скопје од 17 век
A 17th - century engraving of Skopje.

*Детска везилка*

# ВЕТЕРОТ ЕДНАШ НАПРАВИЛ ГРЕШКА

Ветерот еднаш напрвил грешка,
место на Гренланд – влегол во Чешка!
Чешка е Чешка – држава здрава,
имаш ли пасош – мирна ти глава.
Тој пасош немал, немал ни пари,
бегал, се криел, спиел по бари.
Од страв не кревал ни врат, ни грива,
не видел бел ден... почнал да кива!
Кивајќи добил во носот криза,
понел и солзи, молел за виза!
Виза на ветер! – Пуста му глава!
Дрвјата везден сам ќе ги јава!
И ќе се перчи, камшик ќе крева,
ќе крши цвеќа, ќе трева!
Затоа виза за него нема! –
На пат за дома сега се спрема!

**Стојан Тарапуза**

# ДРАГА МАМО

*Јас сум пиле уште непролетано,*
*испилено под твојата стреа.*
*Раснам, пеам под твоето крило,*
*дните течат во безгрижна смеа.*

*Јас сум цвеќе уште непроцветано*
*сред пољанка срна кај што шета,*
*под твоето сонце распролетено,*
*закрилице моја, убавеам, цветам.*

*Јас сум кревка стеблинка од трева*
*со кадрава, посребрена коса,*
*кон небо вишнеам, се кревам*
*искапена во твојата роса.*

*А ти си ми тих и светол пламен*
*од трепетна, незгасната свеќа,*
*дење – ноќе што бдее и тлее*
*над мојата мирна детска среќа!*

***Видое Подгорец***

# ИСТИ ЛИ СЕ ЦРТЕЖИВЕ?

**Со малку внимание ќе откриете дека овие два цртежа не се исти. Треба да пронајдете седум разлики!**





## МАКЕДОНСКА КАПАМА СО ЈАЈЦА

*Потребно: (за 6–8 лица) 1 кг. јагнешко од бут, сол, 100 гр. брашно, 300 гр. маст или зејтин, 500 гр. стар комид исечкан на парчиња, 500 гр. млад комид исечкан заедно со зелените перца, 4 децилитри вода или бистра супа (може и концентрат), сол, црн пипер, 4 јајца, кисело млеко.*

*Месото исечете го на парчиња, посолете го, извлакајте го во брашното и испржете го во маст или зејтин. Прженото месо извадете го и оставете го настрана. На преостаната маст во тавата пропржете го најпрвин стариот, а потоа и младиот комид. Вратете го месото во тавата и сето тоа заедно пржете го 15 минути. Потоа сѐ заедно ставете го во умерено загреана рерна и печете го додека сокот не изврие дополу и додека месото не омекне. Потоа прелејте ја капамата со изматени јајца и вратете ја во рерна за да се потпечат јајцата. Капамата послужете ја со кисело млеко.*

## ШКЕТО

*1 крг. јагнешко месо, 2 врски магдонос, масло, 2 лажици брашно, сол.*

*Младо јагнешко месо можне е вкусно кога ќе се приготови со магдонос. Земете јагнешко (од бут или плешка), измијте го, исечете го на парчиња, ставете го во сад со студена вода, да се вари и додајте сол. Магдоност измијте го добро во неколку води, исецкајте ги само лисјата и кога ќе се свари месото, ставете ги да се поварат малку. Потоа направете запршка со повеќе масло и брашно, и прелијте ја врз месото и магдоност. Внимавајте јадењето да не биде ни густо ни ретко. Пред сервирање посипете го со црн пипер. Служете го со лимон.*

## КРЕМ ОД ТИКВА

*1 резанка тиква, 3 лажици ориз, 150 гр. шеќер, кора од портокал, шлаг пена.*

*Тиквата се чисти и се сече на коцки. Огноотпорната чинија се премачкува со путер и во неа се редат коцките тиква. Оризот се мие и се посипува преку тиквата. Се реди уште еден ред тиква па се попрскува со шеќе́р и рендана кора од портокал. Садот се поклопува и на тивок оган се вари додека не омекне. Кога сето тоа ќе се излади се става во чаши или стаклени чинии. Стевете одозгора шлаг и служете го кремот студен.*

МАКЕДОНСКИ ГЛАС

| CIJENE OGLASNOG PROSTORA | | |
|---|---|---|
| FORMAT | 1 BOJA | 2 BOJE |
| 1/1 – A4 | 400 KUNA | 600 KUNA |
| 1/2 –A4 | 300 KUNA | 400 KUNA |
| 1/3 –A4 | 200 KUNA | 300 KUNA |
| 1/4 –A4 | 150 KUNA | 200 KUNA |
| 1/8 –A4 | 100 KUNA | 150 KUNA |

ПРОКЛАМАЦИЈАТА НА АСНОМ – 1944 г. ДО МАКЕДОНСКИОТ НАРОД И ДРУГИТЕ НАРОДНОСТИ ВО МАКЕДОНИЈА.

# МАКЕДОНСКИ НАРОДЕ!

НА 2 АВГУСТ 1944 ГОДИНА – ИЛИНДЕН се свика првото историско Антифашиско собрание на народното ослободување на Македонија АСНОМ. 122 полноправни претставители синови и керки на македонскиот народ, испитани низ маките и искушенијата на народно-ослободителната борба, собрани на своето прво заседание во манастирот »Св. Прохор Пчински«, во присаствие на делегатите: от Врховниот штаб на Маршал Тито. Воените сојузнички мисии и на Главниот штаб на Србија; ја изразува суверената воља на својот народ и ги донесова следните решенија:

1) Македонија се прогласи за федерална држава во нова демократска Федеративна Југославија.

Народното собрание се конституира во врховно, законодателно и исполнително претставителство на македонската федерална држава.

Се донесе декларација со која се гарантира слобода и рамноправност на секој граѓанин и граѓанка во Македонија, без разлика на вера, националност и политичка припадност; право не секој граѓанин и граѓанка над 18 години да избира и да биде избран; слобода на совеста и вероисповеданието; право на бесплатна просвета итн.

4) Се формира Президиум на АСНОМ со функции на привремено народно правителство на македонската федерална држава.

5) Македонскиот народен јазик се воведува како службен јазик.

6) Илинден – 2 август – се прогласува за народен и државен празник на Македонија.

7) Се формира комисија за испитување војните злодејства, направени од окупаторите и нивните слуги.

Се формира комисија за изработување законски проекти на македонската федерална држава.

Се избрава 40 претставители на македонскиот народ за Антифашиското веќе на народното ослободување на Југославија и неговиот Президиум.

ДА Е ЖИВА СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ВО ДЕМОКРАТСКА И ФЕДЕРАТИВНА ЈУГОСЛАВИЈА!

ДА Е ЖИВО АНТИФАШИСКОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНОТО ОСЛОБОДУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА!

Антифашиското собрание на народното ослободување на Македонија

# ЛЕЛЕ ЈАНО




I

Леле Јано, леле мила ќерко,
а што седиш цел ден на ѓерѓефот,
а што везеш ќерко македонско знаме,
а што везеш ќерко знаме за слобода.

II

А што везеш македонско знаме,
ком' ќе даваш македонско знаме?
На знамето пише смрт или слобода,
смрт или слобода за Македонија.

III

Ќе го давам на Питу војвода
и негова херојска дружина.
Да се вее мајко, во наше Крушево,
да се вее мајко, македонско знаме.